

# СПАСЕ КУНОВСКИ
# SPASE KUNOVSKI

Министерство за култура на Република Македонија
Ministria për Kulturë e Republikës së Maqedonisë
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

ngm

НУ Национална галерија на Македонија
IK Galeria Kombëtare e Maqedonisë
NI National Gallery of Macedonia

Спасе Куновски

# SPASE KUNOVSKI

(1929 - 1978)

Даут-пашин амам
Hamami Daut Pashës / Daut Pasha Hamam
Ноември / Nëntor / November 2016

НУ Национална галерија на Македонија
Железничка 18, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 (0)2 31 26 856; Факс: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk
Спасе Куновски, Ретроспективна изложба
Даут-пашин амам, ноември 2016
Издавач: НУ Национална галерија на Македонија
За издавачот: д-р Дита Старова Ќерими, директор
Организација на изложбата: Маја Неделкоска – Брзанова,
Ана Франговска
Монографски текст: Ана Франговска
Селекција на извадоци и интегрални текстови: Ана Франговска
Библиографија: Маја Неделкоска - Брзанова, Ана Франговска
Соработници: Михаела Јовановска, Маја Димитрова,
Татјана Бундалевска, Мила Миладиновиќ,
Маја Чанкуловска - Михајловска,
Мирјана Талевска, Горанчо Ѓоргиевски, Марјан Ѓорѓиев
Превод на англиски: Дарко Путилов
Дизајн: Борис Шемов
Фотографии: Игор Василев и документација на авторот
Лектура: Кирил Ангелов
Печат: Винсент графика, Скопје
Тираж: 400

NI National Gallery of Macedonia
Zeleznicka 18, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
Tel.: + 389 (0)2 31 26 856; Fax: + 389 (0)2 31 09 566
www.nationalgallery.mk; contact@nationalgallery.mk
Spase Kunovski, Retrospective exhibition
Daut Pasha Hamam, November 2016
Publisher: NI National Gallery of Macedonia
For the publisher: Dita Starova Qerimi, PhD, director
Organization of the exhibition: Maja Nedelkoska – Brzanova,
Ana Frangovska
Monographic text: Ana Frangovska
Selection of excerpts and integral texts: Ana Frangovska
Bibliography: Maja Nedelkoska - Brzanova, Ana Frangovska
Collaborators: Mihaela Jovanovska, Maja Dimitrova,
Tatjana Bundalevska, Mila Miladinovic,
Maja Cankulovska - Mihajlovska,
Mirjana Talevska, Gorancho Gjorgjievski, Marjan Gjorgjiev
English translation: Darko Putilov
Design: Boris Semov
Photography: Igor Vasilev and the documentation of the artist
Edited by: Kiril Angelov
Printed by: Vincent Grafika, Skopje
Copies: 400

Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија
Mbështetur nga Ministria për Kulturë e Republikës së Maqedonisë
Supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

Голема благодарност до семејството Куновски (Нада и Јана Куновски); НУ Музеј на современата уметност, Скопје; Град Скопје; Уметничка галерија, Струмица; Завод и музеј, Штип; ПУИК Скопје; Музеј на град Скопје; Музеј на Македонија; МАНУ; Технометал, Скопје; Дом на АРМ, Скопје; Никола Куновски; д-р Маријан Бошевски; Мартин Ангелов (Галерија Мартин); Слободан Голубовски; Искра Новаковска; фамилија Тантуровски; фамилија Јаневски; фамилија Андови; фамилија Кафтанџиеви; Матеја Матевски; Ема Петрова; Алтана Атанасова; Галерија Анагор; Иван Беловски.

Special thanks to the Kunovski family (Nada and Jana Kunovski); Ni Museum of Contemporary Art, Skopje; The City of Skopje; Art Gallery, Strumica; Museum Stip; PEMRCP, Skopje, Museum of the city of Skopje; Museum of Macedonia; MASA; Tehnometal, Skopje; Army Hall, Skopje; Nikola Kunovski; dr. Marijan Bosevski; Martin Angelov (Martin Gallery); Slobodan Golubovski; Iskra Novakovska; Tanturovski family; Janevski family; Andovi family; Kaftandzievi family; Mateja Matevski; Ema Petrova; Altana Atanasova; Anagor Gallery; Ivan Belovski.

# *СОДРЖИНА*

**ФАТУМОТ НА ЕГЗИСТЕНЦИЈАТА**
***(кон ликот и делото на Спасе Куновски)***
Ана Франговска, кустос

**ВОВЕДНИ РАЗМИСЛИ** 7

**„ЗАПОЗНАВАЈЌИ“ ЈА ПЕРСОНАЛНОСТА НА СПАСЕ КУНОВСКИ** 8

**ТВОРЕЧКИ ЕЛАБОРАЦИИ** 11

**МЕСТО ЗАКЛУЧОК** 18

**FATE OF EXISTENCE**
***(On the personality and work of Spase Kunovski)***
*Ana Frangovska, curator*

**INTRODUCTORY REFLECTIONS** 25

**“KNOWING” THE PERSONALITY OF SPASE KUNOVSKI** 26

**CREATIVE ELABORATIONS** 30

**INSTEAD OF CONCLUSION** 37

**ШТО НАПИШАА ДРУГИТЕ ЗА СПАСЕ КУНОВСКИ**

**ИЗВАДОЦИ** 65

**ИНТЕГРАЛНИ ТЕКСТОВИ** 67

**БИОГРАФИЈА** 138

**BIOGRAPHY** 141

**БИБЛИОГРАФИЈА / BIBLIOGRAPHY** 146

**КАТАЛОГ НА ДЕЛА** 154

**CATALOGUE OF ARTWORKS** 156





# ФАТУМОТ НА ЕГЗИСТЕНЦИЈАТА
***(кон ликот и делото на Спасе Куновски)***

Ана Франговска, кустос

## ВОВЕДНИ РАЗМИСЛИ

(Амбиент во ателјето на Спасе Куновски, Скопје, 2016 година)

...Торзо од жена (црно торзо од кукла-манекен), чиј површински текстил се расцепил кај градите, при што се „разголува“ фактура на дрво, а нозете од торзото се со подврски. На едната нога сè уште стои прицврстен чорап, а на другата – која исто така има дрвен инкарнат како градите - подврската е прицврстена со игла. Хиперреалистично небо со облаци во средниот дел од сликата што минуваат низ торзото. Наместо глава, декоративно извиени скулптурални ленти. Муви што летаат во колона пред облаците во изместена перспектива... Надреален штимунг, а сепак и некаква ведра, поп-иконографија, која со својата директност опоменува за „современото несвесно разголување“ пред напредно-цивилизациските пролегомени... само малку да доловам од понирањата во твојата слика „Залуден предизвик“, како почетен штимунг на оваа студија за тебе и твоето дело...

Долго време се обидувам да се изборам со белината на оваа прва страница, веројатно исто како што и ти „си водел дијалог“ со белото платно. Предизвик... битка. Тоа морало да биде совршено. Си го подготвувал до перфекција пред да го ставиш првиот потег на него. Истото го слушнав и од твојот пријател и архитект Трајко Димитров. Поракaта и бојата тешко трпат корекции, барем во уметноста - платното треба да трае! Дали ова ќе биде неконвенцијална монографија за тебе, за едно минато, една иднина или, пак, се работи за една безвременска димензија што се вклопува во постоењето на човекот? Сè стана сложено... Твоите слики... Одраз на минатото што ги надградува сегашноста и иднината, визија за едно постоење на делата на уметник кој раскажува и живее на балканскиот простор. Процесот на прибирање материјали и студиозното навлегување во твоето творештво се комплексни и во ова современо време во кое живееме сè стана покомплицирано (наместо да е поедноставено). На многу дела не може да им се следи трагата и институционално, а за приватно да не ти кажувам. За прибирање на твоите дела може да се напише книга. Патиштата на сликите во ова време се енигма. Ти како да предвиде сè во твоите слики... како минатото и твојата сегашност да се преточија во визија за новата и загадочна иднина... Затоа и го избрав овој модел на пишување на една неконвенционална монографија за тебе, во форма на дијалог – монолог. Многу нејаснотии имам во главава и многу празни одови, па се надевам дека дилемите и виртуелната дискусија со тебе ќе ме доведат до моделирање на овој обид за едно објективно видување на твојот краток, но многу содржаен творечки пат. Подготвена сум на сите критички напади што ќе следат од „благоглаголивите“ на уметничкото

перо, но исто како што velеше и ти: „мое е да сликам, работа на критичарите да толкуваат“ - мое е да пишувам, а нивно да „анализираат“.

Отсекогаш, уште како мало дете, ме фасцинираа твоите слики, не заради нивната „сива“ аура и мрачна страна, бидејќи такво нешто не ги привлекува децата, туку поради пораките што сакаат да ја соопштат. Уште тогаш кога немав никаква допирна точка со уметноста (во професионална смисла) освен што татко ми „ме влечкаше“ по изложби, знаев дека тие слики имаат влијание врз мене. И по толку години, кога уметноста ми стана „вјерују“, решив дека сакам да работам на ретроспективно-монографски проект за тебе. И така почна сè. Го запознав твоето прекрасно семејство, ги видов делата до кои успеав да дојдам, ги прочитав сите текстови што се пишувани за тебе, а во кои ги толкувале твоите дела, се обидов да се запознаам со тебе, да сфатам каков човек се крие зад ваквото сликарство. Ќе беше убаво да си поразговарам очи в очи со тебе, да ми раскажеш дел од твоите визии, да ми ја протолкуваш од твоја страна иницијацијата за симболите и елементите што ги користиш, да простудираме дел од филозофиите што твоите дела ги будат... но, којзнае дали и тогаш би успеала да дојдам до одговори бидејќи скромноста и молчаливоста биле твој квалитет. Велат не си бил намќор, но не си сакал да се експонираш. Дали во тие мудри и кратки дискусии ќе успеев да разрешам некои дилеми? Со сигурност да, и тишината нуди многу конкретни одговори.

## „ЗАПОЗНАВАЈЌИ“ ЈА ПЕРСОНАЛНОСТА НА СПАСЕ КУНОВСКИ

Во овие услови и така како што наложуваат времето и ситуациите, ќе почнам од некаков почеток за сето ова да има смисла. Како што е најчесто правилно, треба да почнам со презентирање на твојата биографија и личност. Ти си бил скромен во изнесувањето лични податоци, својот свет скржаво си го чувал само за себе, штитејќи ја својата интима од канџите на јавноста и медиумите, па во чест на твојата желба и волја, и твојата сопруга Нада (прекрасна, топла жена) беше мошне внимателна при споделувањето информации. И ако случајно излезеше некој збор повеќе, ме замолуваше сето тоа да биде скромно и едноставно за да се испочитува твојата желба. Ќе се обидам да бидам кратка и концизна, а целта на овој дел е да ја приближам твојата човечка природа до реципиентите на твојата уметност, која мошне природно ќе се поврзе со твојата творечка индивидуалност. Се надевам нема да ми се налутиш ако кажам некој збор повеќе.



Твојот биографски пат започнува од Дебар, а потоа продолжува во Охрид (каде што завршуваш основно училиште), па во Скопје, каде што го започнуваш своето уметничко профилирање – го завршуваш средното уметничко училиште, а високото образование во областа на ликовните уметности – сликарство го стекнуваш во Загреб, под менторство на професорите Крсто Хегедушиќ и Марино Тартаља. Една од клучните фази што ќе влијаат врз твојата свест и ментален склоп се првиот период на животот во Дебар, а тоа бил живот во тешки услови, во период на окупација, период на стравови, напуштени села, уништени домови и куќи, трауми, осамени луѓе, луѓе со грижи и проблеми, луѓе сенки, луѓе без душа и ентитет... многубројни спомени кои извршиле потсвесна инфилтрација во творечките фундуси, како во однос на темата, така и во однос на колоритот и атмосферата. Егзодусот и немаштијата на војната, освојувачите и ослободителите, кои на своевиден начин правеле притисок и оставале страв во детската свест... Сите овие спомени оставиле неизбришлива трага врз твојата младешка свест и оттогаш засекогаш се врежале некои претстави кои подоцна симболично или директно ќе ги применуваш во своите дела: бодликава жица, шлемови, скелети, разурнати куќи, дим од оган, благиот

Спасе Куновски во младоста
Spase Kunovski in his youth

Спасе Куновски со сопругата Нада (горе)
Spase Kunovski with his spouse Nada (up)

Ќерките Соња и Јана (долу)
Daughters Sonja and Jana (down)

еротизам, кој нема позитивни конотации, туку повеќе алудира на духовно и физичко силување... а потоа ќе се навратиме повторно на антропоморфните собития и асоцијации со кои овие траори се креирале во твојата потсвест, во твојот визуелен паноптикум, во твоето сликарство.

Средното уметничко училиште во Скопје е нова средина и ново обележје во твојот живот, таму ги запознаваш своите први другари-уметници – Боро Митриќески, Ванчо Ѓорѓиев, Петар Мазев, Пеце Видимче, Трајче Јанчевски и други. Со нив ќе го задржиш пријателскиот однос целиот свој живот. Професорите Никола Мартиноски, Лазар Личеноски, Димо Тодоровски, ги извршуваат првите директни уметнички инфлуенции и влијаат врз уметничкото формирање на твојата личност. Најголема наклонетост имаш од професорот Мартиноски, со кого си водел долги разговори. Во средното уметничко училиште, се чинело дека вајарството како дисциплина повеќе ти лежело, што не е исклучено во твојата сликарска конструктивност и пластичност, но подоцна, на Академијата во Загреб се предодредуваш за сликарството, кое ќе биде твоето кредо.

Конечно, Академијата во Загреб ќе го дооформи и ќе го доедуцира твојот уметнички карактер оставајќи знаења што ќе ја втемелат природната надареност за творечко креирање, која си ја носел со себе уште од најраните години. Врската што ја оствaруваш со професорот Хегедушиќ ( заедно со Омер Мујаџиќ ти предаваат цртеж) е најјака духовно иако, според твоите изјави, „од Мујаџиќ имаш научено најмногу од занаетчиски аспект“[1], а сликарство ти предаваат Марино Тартаља и Иво Режек, од кои поголема инфлуенција (но задоцнета) ќе изврши вториот, особено во позадината на сликите и во религиозното „синило“ (кои според некои истражувачи на твоето творештво, секако, се резултат и на средновековната фрескоживописна традиција во Македонија, традиција што особено им се припишува на мајсторите од реканско-дебарскиот крај). Во Загреб ги запознаваш и се дружиш со Македонците што студираат таму (Борка Аврамовска, Ордан Петлевски, Драгутин Аврамовски – Гуте, Михајло Шојлев...), но исто така и со Миленко Станчиќ (со кого имаш доста сличности во атмосферата и одредени надреални елементи во композициската организираност на сликата), Душан Џамоња (кого си го обожавал) и други. Во Загреб си бил сместен кај познат хрватски клавијатурист - Јербиќ, а неговата фамилија многу те сакала и те почитувала. Кога си стигнал на втора година од студиите, поради твојата надареност и вредност веднаш си бил префрлен во трета година од Хегедушиќ. По завршувањето на Академијата, си се запишал на „специјалка“, а твоја желба била „специјалката“ таа година да ја води Хегедушиќ. Но, текот на нештата бил таков што Тартаља ја земал таа година „специјалката“, си почнал кај него, антагонизам имало! Се враќаш во Скопје во 1953 година.





Во Скопје ќе се вработиш како професор по ликовно во училиштето „Зефљуш Марку“, а потоа како професор на Педагошкиот факултет во Скопје, предавајќи акт. Велат дека си бил многу топол со студентите и дека покрај нивното уметничко едуцирање си ги учел и на убаво однесување и на бон-тон.

Се запознаваш со Нада и оствaруваш брак. Таа е прекрасна и многу разбрана жена, со која покрај на емотивен план, се наоѓате и на интелектуално и духовно ниво, успешно балансирајќи низ заедничкиот живот. Со неа ги добиваш ќерките Соња и Јана, кои за жал рано ги напушташ (не совладувајќи ја кобната болест), но тие секогаш ќе те носат како икона во своето сеќавање. Уметноста и ним им ја „пренесе“ како модус на комуникација и експресија, та и тие „кубурат“ со неа катадневно. Но, тоа е посилно од сè. Нада ми кажа еден куриозитет дека за секое дело си дискутирал со неа водејќи разговори за тоа дали е завршено или не. А откако ќе си констатирал дека е завршено, таа ти ги

[1] Соња Абаџиева-Димитрова, Спасе Куновски, Македонска книга и Музеј на современата уметност, Скопје, 1977, 14-15

кумувала насловите. Не си сакал да го признаеш тоа, но, од друга страна, си се гордеел за инспиративноста и аналогијата на насловите со твоите дела.

Активно си се вклучил во уметничкиот живот на Скопје и на Македонија. Си бил дел од тој модерен и револуционерен дух на младата нација што сака да се модернизира и да оди паралелно со духовната еволуција на другите југословенски и светски центри. Заедно со останатите уметници од твојата генерација, кои туку што се вратиле од академиите во тогашните југословенски градови (Белград, Загреб, Љубљана), како Петар Мазев, Димитар Кондовски, Ванчо Ѓорѓиев, Боро Митриќески, Иван Велков и други, организирате многу изложби - индивидуални и групни. Ја оформувате и уметничката група „Мугри“, која како група со различна стилска, но духовно напредно-прогресивна поврзаност е оформена да биде „локомитива“ – придвижувач на модерните процеси во македонската современа уметност, која треба да се ослободи од стегите на класицизмот и соцреализмот. Оваа група, освен неколкуте заеднички изложби во Скопје и во поранешните југословенски простори, по двегодишно постоење ќе се разиде, но нејзиното влијание врз идентитетот на македонската модерна уметност ќе биде неспорен.

Стануваш претседател на Друштвото на ликовните уметници на Македонија (1971-1973) и несебично се бориш за бенефициите на ликовните уметници и за нивното еснафско здружување. Генерациски секогаш сте биле критички настроени кон секој уметнички настан (отворено и бескомпромисно), но без лични антагонизми и секогаш во одбрана на колегите и на нивните интенции во уметноста. Се дружите и се собирате во Клубот на писателите, т.е. „Кај Јоле“.

Политиката често ти се приближувала, но ти си бегал свесно од неа, си се оддалечувал ценејќи дека уметноста е единствена со која си имал дефинирана релација полна со знаење. Затоа си ценел дека преку уметноста можеш да бидеш најголем амбасадор на својата земја и оттука си учествувал (си бил селектиран од југословенските комисии на ДЛУЈ и на ДЛУМ) на многубројни групни претставувања на големи светски изложби, биеналиња и триеналиња, каде што критиката го забележала твојот ликовен ангажман. Со таа активност си мапиран во некои од светските енциклопедии и едиции, на пример: „Opšta enciklopedija Larousse“, том 1 – Белград, „„Art or our time“ - Лондон, „ Umetničko blago Jugoslavije“ - Белград, „Savremeno slikarstvo u Jugoslaviji“ - Белград и „Antologija fantastične proze i slikarstva“ – Хрватска , и др.



Спасе Куновски со Ацо Шопов и Димитар Кондовски
Spase Kunovski with Aco Shopov and Dimitar Kondovski

Нада вели дека многу си сакал да патуваш и дека сте го планирале и сте го искористувале секој слободен период за патувања низ светот, за запознавање нови култури и за уживање, во живо, со уметноста. Само на Венециското биенале сте биле неколкупати, а првиот официјален контакт со оваа значајна манифестација си го имал во 1954 година, како член на Сојузната комисија за југословенскиот павилјон во Венеција. Си имал посебна склоност кон северните земји (Холандија, Финска, Норвешка). Голема љубов си имал кон филмската уметност. Си набавил две камери, една озвучена, една не. Со нив си снимал многу пејзажи и случувања во фамилијата. За целосно видување си имал апарат за монтажа на ленти, со кој си ги монтирал филмовите сам. Многу вечери сте поминувале со фамилијата пред филмското платно за да ги гледате филмовите и слајдовите.

Долга низа години си творел без да имаш услови за тоа, сè додека не си ја исполнил својата желба и потреба да си изградиш прекрасно и светло ателје, како депанданс на бараката во Тафталиџе (во 1969 година), место што било твое светилиште. Бев таму неколкупати во последниот период на подготовки, договарања и истражувања и ги почувствував духот и инспиративноста на тоа место. Речиси сè е така како што си оставил ти. Само сега е светилиште на Јана за духовна егзегеза, а на Нада извор на многу сеќавања и доживувања. „Црква“ што свежо го чува твојот спомен 40 години.

**Акт I**, 1952
Јаглен на хартија
**Nude I**, 1952
Charcoal on paper

Велат дека и во маалото си бил запаметен од сите деца како прекрасен сосед. Тивок и наизглед намќорест. Си знаел да ги изненадиш децата од соседството со големи и значајни подароци. На тоа се сеќаваат многу тогашни деца од твоето маало и роднините. Тоа говорело за твојата големина како човек, за твојата срдечност и топлина.

Си остварил пријателски релации и со писателите Славко Јаневски, со Влада Урошевиќ, Матеја Матевски, Блаже Конески, кои напишале песни за твоето творештво и со кои на духовно-надреалистички план си се преклопувал и си се надополнувал.

Во 1978 година предлогот да станеш член на Македонската академија на науките и уметности го спречи прераната смрт, како и многу твои активности кои беа во зенитот. Македонската уметничка јавност изгуби големо уметничко име, но најмногу изгуби твоето младо семејство. Секако, творците никогаш не умираат, нивното дело продолжува да живее за нив, па и овој повод е иницијатива за уште едно навраќање на тебе и предлог за разговор со тебе, т.е. со твоите дела.

## ТВОРЕЧКИ ЕЛАБОРАЦИИ



Сега би почнала со анализа на твоето творештво, без поголеми отклони во дефинирањето на она што е досега напишано за тебе, со мали дополнувања или изменети позиции и со поинакви погенерални карактеризирања на тоа што го специфицира и го одвојува твоето творештво бидејќи класичното селектирање и сортирање по кластери во твојот случај е невозможно. Она што е клучно е дека ти ќе бидеш и ќе останеш до крајот на својот живот еден од најдоследните претставници на надреалистичкиот штимунг во македонското современо сликарство. Дискутабилните елементи ќе ги оставам како прашања за тебе или за јавноста, кои можеби во некоја наредна пригода ќе бидат доодгатнати или протолкувани на поинаков начин.

На студиите во Загреб и по нивното завршување, твоите академски вежби, актови, цртежи, слики, пред сѐсе во духот на академскиот реализам – најнапред од класичен вид, а потоа со влијанија на импресионизмот со расцепкани и вибрантни потези што ја модулираат формата. Ова бил вообичаен период за секој студент, период на истражување и пронаоѓање на самиот себеси, период на лутање по разновидни стилски определби, ослободување од академските инструкции и доближување до најсродниот и индивидуален ликовен израз. Ќе следат експресионистички и колористички интересирања, сѐ до фовистички одблесоци на јакиот и доминантен темен цртеж и екпресивните и интензивни колори со широки и нервозни потези. Најчести мотиви во тој период биле портрети, актови, пејзажи. Тука се вбројуваат „Автопортрет“, „Портрет на пеглачка“, „Портрет на балерина“, „Портрет на младич“, „Зима“, „Пејзаж“ и многу други. Кај експресивно-фовистичките експонати се проследуваат неколку егземплари на дела што се издвојуваат по својот динамизам на потегот, слободата на изразот и на колористичката игра, а тоа се делата „Зима“, „Акт од позади“, „Калуѓерки“ и други. Покрај колористичкиот експресионизам, ќе ги допреш и полињата на психолошкиот експресионизам, во кој веќе има специфични сурреални индикации, експресионизам во кој доаѓа до несразмерно издолжување на фигурите и постепена дефацијализација, која во понатамошните фази ќе го достигне својот фокус. Две рани монотипии го привлекоа моето внимание како мошне клучна пресвртница меѓу експерименталниот период и првите обиди за она што понатаму ќе стане твое „вјерују“ во сликарството – надреализмот, а тоа се „Гозба I“ и „Гозба II“, двете од 1953 година. Мрачна атмосфера на крчма, надреален штимунг, човечки и

анимални фигури кои ја губат својата препознатливост, појава на „масколики“ асоцијации на фацијалните карактеристики на прикажаните хумановидни фигури, специфичен недефиниран простор, сонорност и сурреална атмосфера. Во едно од твоите многубројни интервјуа и ти самиот споменуваш дека твоите интереси во надреализмот започнуваат од 1953 година. Мислам дека во ваквите дела, како „Гозба“, лежат почетоците.

Влијание извршил и кубизмот, повеќе со неговата геометриска расцепканост и организираност на антропоморфните фигури и на позадинските – композициски елементи или анимални претстави кои ќе ги вклучуваш (кучиња, мачки и друго), период што долго ќе има реминисценции врз твоите ликовни сондирања, дури и тогаш кога надреалистичкиот израз ќе почне да се чувствува во делата како предоминантен субјект[2], а помалку оној органски кубизам со изместени перспективи, со кој ќе експериментираш краток период и ќе го аплицираш претежно во форма на цртеж и графика.[3] Веќе тука се определува на некој начин композициската градба на твоите дела (која ќе остане како таква речиси низ целиот творечки опус), а тоа е мошне често издвоена и осамена фигура, поставена во чуден пуст простор, со далечен хоризонт и специфична перспектива и кулиси на некаква рурална или урбана реминисценција во позадината.

Критиката ги одбележува 1957 и 1958 година како клучни во преминот од експериментален и самопронаоѓачки период во период на себедефинирање и фокусирање врз еден стилски правец и неговите базични ликовни елементи - метафизичката реалност, надреализмот, магичниот реализам[4] (сите споменати во толкувањата на твоето творештво до кои дојдов, кои од денешен аспект ми изгледаат како не сосема адекватни и непотребни обиди за „систематизам“, кој во суштина не е секогаш единствен и оправдан), нешто што ќе стане твој печат и препознатливост. Всушност, ти создаваш еден свој посебен приод кон тој надреалистички механизам на градењето на сликата (кој низ твојот развоен пат од 1957 до 1978 година ќе бележи благи промени, дополнувања и варијации), но нема да следи во онтолошка форма ниту еден од споменатите правци, школи, стилови и нивните манифести и догми (ако постојат такви во светски рамки). Кај тебе нема автоматизам, туку сè е системски, осмислено и протолкувано предвреме. Во ваквиот стил најде плодна почва за да се вратиш на потиснатите спомени од детството и на стравовите. Потиснатата свест или потсвеста почна да ги вади своите, со години затворени во посебни мозочни чакри, лоши сеќавања, запаметените и подзаборавени сцени од трагедиите на војните и човечките злодоби кои си ги искусил, кои барале време и момент да излезат и да бидат мотив низ кој ќе ја дефинираш твојата уметничката личност како индивидуалитет со свое посебно место под сводот на македонското модерно сликарство. Клучното дефинирање на твојата уметност е дека е антропоморфна и дека ти никогаш нема да излезеш од фигурацијата за да се испробаш во водите на апстракцијата и сликарството на материја (енформелот генерално), што во периодот по 1961-62 година и натаму ќе стане актуелно помеѓу претставниците на твојата генерација.



**Дрвена готска фигура**, 1952
Масло на платно
**Gothic Wooden Figure**, 1952
Oil on canvas

[2] „Портрет“, 1953; „Бела коцка“, 1957; „Предградие“, 1958 и др.

[3] „Кубистички студии“ од 1952, „Конструктивистички портрет“ од 1953 и други

[4] Кои се тие генерални дефиниции што ги разликуваат метафизичкиот реализам, магичниот реализам и надреализмот (од класичен вид во светски рамки) имплицирани врз твојот стилски ангажман? Обидувајќи се да си разграничам за себе, дојдов до сознанија дека не може да се зборува кај тебе доследно во рамките на ниту еден од овие стилови, онака како што се тие толкувани во светски рамки. Оттука, ценам дека манипулацијата со ваквите термини во примерот на твоето творештво е несоодветна и јас ќе се изземам од неа... освен за констатирањето на надреализмот како генерален белег што не може да се пренебрегне.



**Предградие со куче**, 1967
Масло на платно, 67 x 78
**Suburb with a Dog**, 1967
Oil on canvas, 67 x 78

Сликите „Грипозна ноќ", од 1957 година, која тогаш си ја дал во Загреб, „Дубровник", 1957 г., „Предградие со куче", 1957 г., „Грипозна ноќ" од 1958 година, која денес е сопственост на Националната галерија на Македонија, се некои од делата што го одредуваат тој твој автохтон почеток. Композициската организираност на сликата е таква што во нив има осамена и издолжена човечка фигура поставена во еден пуст простор со хоризонт. Во позадина се појавуваат форми кои дефинираат куќи или остатоци од нив. Вклучуваш предмети или објекти кои имаат одредена симболика (нешто што станува апсолутно карактеристично за твојата уметност) – напуштени запрежни коли, фрлена хартија и друго. Атмосферата е тмурна, психолошкиот елемент нагласен, колоритот мошне затемнет. Не постои трета димензија во класична пластична форма (рамниот ликовен пристап е сè уште актуелен), туку има некоја базична перспектива – дадена со хоризонтот и позадинските архитектонски елементи. Сведоштво, осаменост, пустош, тоа се асоцијациите што ги будат овие твои дела.

Во наредниот период интересни се да се споменат „Логор" (1960) и едно од ретките твои дехуманизирани дела „Визија" (1961). Во првата уште повеќе ја дефинираш својата мрачна и сомнабулна, надреалистичка интонираност на твоите слики, а втората е еден редок примерок на слика со чудни надреални механизирани конструкции со блага биоморфност, без присуство на препознатлива човечка фигура, со многу мали и скицозни детали, со оптегнати линии што определуваат одреден простор и даваат одредена тридимензионална егзистенција во пустиот предел со хоризонт.

Во текот на 60-тите години продолжуваш да ги продлабочуваш тематските и сижејните организации на своите платна, постојано дополнувајќи го репертоарот и видоизменувајќи одредени дотогаш стандардизирани преокупации. Луѓето на твоите платна почнуваат да се деградираат и постепено да се распаѓаат. Често тие ја губат својата целовитост и полност и стануваат лушпа која е во дефрагментација или од која веќе нема дел(ови). Дали со тоа алудираш на испразнетите и искршени души на луѓето што доживеале загуба и трауми во животот (во форма на жртви или, пак, во поглед на сигурноста, урнати домови), дали така се чувствуваат оние што го напуштаат своето огниште и заминуваат на друго место, па дел од своите души и спомени оставаат насекаде? Дали симболиката е клучниот декодер на твоите надреалистички платна? Дали индивидуалното толкување на сите елементи и симболи што почнуваш да ги вградуваш на платната е оправдано или не? На што се резултат шпенадлите, столбовите, шипките – стаповите, птиците, бандерите, жиците, масите, чашите, бистите, маските, кловновите? Секој поединечен елемент може да се поврзе со стравот, со сонорот, со тагата, со трагедијата, со поетската мртва природа (која во буквална смисла е мртва), со осаменоста, со загубата, со смртта, со допирот со другиот свет, присуство на темната страна итн., итн...

Обезлистени дрвја, купови сено, месечина (која ја додефинира осаменоста и буди квазиромантичарски чувства за минатото), луѓе-кукли, луѓе-манекени, луѓе без лица, скршени, во делови, луѓе што чадат - им чади главата (им прегорел механизмот), страшила (плашила), лушпи (остатоци од луѓе) „набиени на колци" со „искршени глави", стравични-надреални глетки што застрашуваат, но и опоменуваат. Тие не се хиперреалистични – фотографски предадени хорорни сцени, туку се мачни глетки со надреален штимунг и елементарни соодноси, поврзани со доживувања и реални моменти од минатото, но и од страшните природни катастрофи што се случиле во шеесеттите во Скопје, прво поплавата во 1962 година, а потоа и земјотресот во 1963 година, кои како вистински, рецентни случки го дополнија твојот репертоар и ги освежија потиснатите спомени од детството.

Маската и кловнот, покрај распаднатата и согорувачка човечка фигура, стануваа исто така носители на дејствието. Маската како елемент што симболизира присуство, но и отсуство, идентификација, но и затскривање на идентитетот,

инаквост, двојност, срам, „модел без манекен"... Маските најчесто се слични на човечки лица, лушпи од лица што немаат полност и припадност. Тие се сами, во пар или во група. Некои се со човечки очи, некои без, кај некои вилицата дошла во прв план по процесот на деградација. Неретко ги позиционираш на стап (колец) што веројатно обележува одредена „осуда" на дволичноста и фаза на „вадење на маските". Како да констатираш, критикуваш, но и опоменуваш, даваш одредени насоки за освестување на човештвото.

Кловновите се исто така мошне податен субјект за тебе бидејќи како такви во себе ја носат и оптимистичката, и песимистичката страна. Тие „се преоблекуваат и се шминкаат" за да забавуваат, но во нив се крие голема тага. Оттука, овој лик го употребуваш како репрезент на човештвото, на хумановидноста што ја протежираш, како осуда, но и како надеж. Станува збор за варијации на кловнови, кои се издолжени и осамени. Најчесто поставени во профил, како безживотни споменици (скулптурални симболи) на една опустошена просторност. Некои од нив покрај себе имаат и дете. И нивните фигури се исто така полураспаднати и нецелосни. Кловновските алишта се искинати, парталави и на нив поставуваш копчиња кои напати се белеат и се истакнати, а некаде вдлабнати како скулптурални ликовни елементи. Лицата се соодветно „нашминкани", и гледаат во далечината. Белата коцка исто така се појавува на делата со кловнови, како светла точка и поврзаност на минатото и сегашноста.

Композициската констелација на делата од овој период (шеесеттите, без оглед на „актерите" и предметот на сликата) е слична со онаа од претходната група дела, големи и пусти предели, нагласените хоризонти ја дефинираат просторноста, со или без архитектонски кулиси. Единствено во колористичката гама додаваш и одредени земјени тонови, со што не ја осветлуваш палетата, туку ја збогатуваш. Синилата, модрилата, сивилата, сега се збогатени и со земјени и со зелени нијанси. Тенденциозно не пледираш кон пластичност, туку на блага сугестија на трета димензија што е постигната со сукцесивност на потезите и со специфичната перспектива. Бојата знаеш да ја нанесеш во слоеви и да ја рашириш со шпакла, по што потезите на шпаклата ќе оставаат светлосно-рефлексна динамика на позадинскиот дел на платното.

Архитектонски елементи: урнати куќи, џамии, тврдини, аквадукти, чудни пробиви на градежните елементи како прозорци, врати ... се мотив, сам по себе, (во ретките дела без хумановидни фигури, како „Археологија на една катастрофа", „Композиција" и др.) или како придружен, експланаторен детал, кој дефинира одредено сиже или предмет на обработка, заедно со антропоморфните собитија кои се главните дејци во делата.

Суштински се, секако, надреалниот сооднос во големината, чудната перспектива и плановите на фигурите и присутните елементи. Детски реквизити провејуваат низ некои твои дела, како реминисценција на животот, некогашниот џагор, вибрантност: хулахоп, коцка итн.

Од 1968-69 година се случува одреден пресврт во твојот ликовен вокабулар, во неколку аспекти, со кои се менува „преттекстот" на твоите дела, атмосферата, доживувањето иако пораката е иста. Надреалните соодноси ќе бидат твое „вјерују" и понатаму иако новите трендови во светските текови на уметноста (некои тоа го одбележуваат како новофигуративни влијанија) заедно со одредени „магритовски" инфлуенции ќе го извршат својот импакт. Најнапред ја менуваш позадината, ја осветлуваш за постепено да почнеш да ја „оживуваш", да ѝ додаваш одредена „хиперреална" звучност, со облаци што стануваат вивидни, лелеави, дисперзни, воздушести (одреден попистички штимунг почнува да се чувствува, особено во делата по 1973/4 година). Фигурите или објектите што имаат хумановиден изглед (кројачки кукли, женивазни, женски торза, торза на арлекини и др.) добиваат поголема пластичност

**Трагичен симбол**, 1967
Масло на платно, 93 x 65,5
**Tragic Symbol**, 1967
Oil on canvas, 93 x 65.5



**Напуштено село**, 1961
Масло на платно, 75 x 99
**Abandoned Village**, 1961
Oil on canvas, 75 x 99



и тридимензионалност иако тие сè уште се во декомпозиција, или се во делови, или се распаѓаат, или се скршени итн. Покрај отворени осаменички простори, во кои егзистира одреден „вршител на дејноста", воведуваш и затворени композициски целини, затворени архитектонски простори, но секогаш поставуваш отвор кон надвор – допир со надворешниот свет. На неколку платна се појавува и шаховски издекориран под, мошне својствен за надреалистите , кој дава инаква динамичност и мистичност на просторот. Уште еден аспект, кој изгледа малку декоративно и илустративно, е воведувањето на флорални елементи како контраст на „распаѓачкиот" дијапазон на твоите дела, како нишка надеж и оптимизам.

Портретите, т.е автопортретите стануваат мотив што се зачестува во твојот визуелен репертоар. Дали тоа значи дека постепено се свртуваш и самиот кон себе? Дали со тоа започнуваш и еден период на самоанализа, себеидентификација и свое преиспитување во беспаќето на минатото и иднината, покрај работата со спомените од минатото и со несреќите на денешниот свет? Автопортретите ги изработуваш во различни верзии. Иако првиот твој автопортрет е од 1953 година и е во експресионистички стил, од 70-тите натаму почнуваш поинтензивно да се употребуваш себеси. Делата со твојот лик во нив се асоцијативни, даваат одредена нарација што сакаш да ја проаргументираш заедно со публиката, да ѝ ги соопштиш своите дилеми и да се произнесеш за твоите најинтимни чувства и лични доживувања во современоста. Твоето соочување со светот, твоето затворање во себе, твојата промисленост и загриженост за светот, твојата двојност итн. Стилски портретните претстави имаат благи варијации една од друга, но тој специфичен сурреален соодност на предметите и на објектите во делото го унифицираат твојот општ дискурс во уметноста. Примери се „Автопортрет", 1968 г., „Реминисценција на старецот", 1973 г., „Автопортрет со цигара", 1975 г. и други. Во нив применуваш однос близок до фотографскиот пристап, т.е. поголема тенденција кон постигнување фацијална сличност, но таквиот однос не е ист кон сите детали во делото (секако, третманот е различен од слика до слика). Зошто зад твојата глава (портрет што изникнува како масколика скулптура од никаде) е поставен стап на кој е обесена маска чија глава чади и сето тоа е поставено пред расцепен земјен предел, а настрана стои, апсолутно неспојлива со сето останато, женска фигура (најверојатно мало девојче) со фустанче? Зошто твојот портрет ѕирка низ отвор од твојот грб? Зошто го пробиваш со цигара писмото кое е обесено со штипки на жица? Тоа се тие надреални релации за кои говориме постојано, а со кои ги пренесуваш наративноста и проблематиката.

По 1971, а нагласено по 1975 година, се појавуваат дела што имаат некаков „новонадреалистичен" призвук, во кои се забележува зачестување на човечка фигура во прв – гро-план (машка или женска, со глава или без, со маска место глава или извиени лимени ленти како своевидна назнака, шапки) некогаш со чадор некогаш без или, пак, женски торза со своевиден еротизам во одразот на торзото (подврски, комбинезони и слично). Мувата, со помали или поголеми димензии, ја вклучуваш исто во твоите ликовни композиции, дадена доста реално и фотографски. Позадината е сино небо со облаци[5], кои на некои места навлегуваат во фигурата или обратно - фигурата како да лебди во облаци. Во тие дела веќе нема назначен простор, нема хоризонт, туку, напротив, сè се случува во воздух, небо, облаци.

Уште еден важен аксесоар што го применуваш зачестено на платната е штипката која држи нешто на жица за сушење, хартии, алишта со непостоен модел, половини од тела и слично. Од каде штипка и зошто? Знам дека надреалистите употребуваат одредени мали дребулии што им помагаат во долову-

[5] Исто така магритовско влијание

вањето на нереалниот сооднос на реалните објекти во нивните дела, но се обидувам да ја најдам асоцијативноста ... а може и да ја нема...

Како мало интермецо и можеби дообјаснување на претходната дилема, пред да го заклучам овој дијалог или несвојствената анализа на твоето творештво, интересно ми е да обзнанам дека кога бев во твоето ателје, сфатив дека ти си работел со претходна подготовка на твојот мотив, си правел инсталација или „мртва природа" од разновидни предмети од твоето секојдневие, кои ќе го формираат твојот надреален паноптикум во платното. Можеби затоа се штипките, и мувите, и клинчињата, и шпенадлите, и бистите, и черепите, и чашите итн., итн... Но всушност, од друга страна, и повеќе од сигурна сум дека секој еден детал имал свое одредено конкретно значење и причина за својата егзистенција ... зашто мислам дека таква била твојата природа...

Еротскиот елемент, кој и претходно го забележав, а некако ме зачудуваше кога ќе го прочитав како објаснување во големиот број рецензии за дел од твоите интересирања, и сè уште не сум сигурна дали оваа фраза „еротизам" е вистинскиот израз за да се протолкува тој момент во твоето творештво, сепак се проткајува во твоите дела. Повеќе е нагласен во последната фаза („Жена со чадор", „Жена во облаци", „Апсурден акт"), но се појавува и порано, претпоставувам со поинаква идиосинкразија и со различна предилекција. Ја има во „Апсурден идол", „Сина визија", „Молитва пред столбот", „Подарок", „И бол и бес", „Игра на мртвата ваза", „Обесчестени цветови" и др., и тој е студен, имплицитен и загадочен. Во овој надреализам ти го покажуваш почетокот на крајот – апокалипсата.

Не треба да се заборават твоите дела со револуционерен дух, кои се дел дела од доживеани моменти и дел на имагинацијата на борбата во НОБ – некои направени самоиницијативно, а некои по нарачка (Дом на тогашната ЈНА, Скопје, Дом на ЈНА - Белград и др.), но задржувајќи го и во нив својот дух и препознатлив стил. Тоа се почувствувани мотиви, одраз на војна и оттука мошне вивидно ја пренесуваат пораката заради која се и иницирани од институциите на тогашната социјалистичка република.

Едно од последните твои дела ќе биде полиптих „Македониум" - полиптих што зафаќа простор од 50 метри квадратни, на кој ја раскажуваш историјата на македонскиот народ и на нашата земја – оттука и името „Македониум". По твојата прерана смрт и отсуството на вистинска желба за ова дело да го доживее својот јавен афирмитет, јавноста беше осиромашена за спознанието на уште еден твој јавен монумент[6].

Квалификувањето на твојот труд низ изминатиот период по твојата прерана смрт, речиси 40 години, течеше со различен интензитет. Периодично се навраќаа на твојот творечки императив, со голема поддршка и помош од твојата фамилија, која постојано плидираше кон потцртување и потсетување на твојата вредност, но секако имаше и моменти, како и што има секогаш во „продолжениот" живот на еден автор преку неговото творештво, да се мешаат струи, тенденции и инакви видувања. Дискутабилно е, на пример, зошто Музејот на современата уметност при обновувањето на својата постојана поставка во 2014 година, покрај големиот број дела за кои конечно се создадоа услови за да го видат светлото на денот, помеѓу кои се најдоа дури и автори со мошне дискутабилен квалитет, твоето дело не се најде вклучено во оваа поставка. Како и во секој творечки опус, има варијации во однос на квалитетот. Така и ти (како и сите уметници) имаш одредени дела со декоративност, маниризам, илустративност, пренагласено референтни, но имаш и одлични дела, кои те вбројуваат во ретките „ортодоксни" надреалисти од класичен тип во Македонија. Зарем тоа не е доволен податок, покрај пишаните факти дека си бил



**Носталгија**, 1968 (Подарок)
Масло на платно, 74 x 102
**Nostalgia**, 1968 (Gift)
Oil on canvas, 74 x 98

[6] Да споменам за твојата розета зедно со Ѓорѓиев, на фасадата на домот во Дебар, за монументот во Железарница и др.

еден од ретките македонски уметници од својата генерација што ја претставувал својата Република (не само Македонија, туку и Југославија) на мошне значајни меѓународни манифестации и изложби? Фрапантни се податоците за тоа каде сè си бил селектиран и испратен како репрезент на Сојузната држава Југославија (во 1963 година - Сао Паоло (Бразил), Изложба на дела од колекцијата на Алберт Билднер; во 1964 година - Брадфорд, Изложба на современата македонска уметност, „Museum and Art Gallery“; во 1968 година - Александрија, VII Медитеранско биенале, Музеј на модерната уметност; во 1970 година - Брисел, Југословенски сликари и скулптори; во 1972 година - Пиатра Неамц и Јаши (Романија) „Современа југословенска и странска ликовна уметност“; во 1974 година – во Леверкузен, „Современа југословенска уметност“ (Jugoslawische Der Kunst Gegenwart – Gemalde und Plastiken, Erhalundshaus Bayer) и многу други). Искрено се надевам[7] дека во скоро време оваа неправда спрема тебе ќе биде исправена.



**Жена во облаци**, 1976
Масло на платно, 102 x 75
**Woman in Clouds**, 1976
Oil on canvas, 102 x 75

[7] Иако сега поставката на Музејот на современата уметност - Скопје е симната и ќе следи нејзина реконцептуализација и намалување во обем заради повторно активирање на изложбената активност на овој музеј.

**МЕСТО ЗАКЛУЧОК**

Македонската модерна уметност може да се гордее со твоето име и дело што сè повеќе потврдено го држи своето место под сводот на македонската култура и историја на уметноста. Ти си и ќе бидеш забележан како еден од ретките фигуративци со надреалистички интерес, кој ќе го истражува овој стил целиот живот, без големи скокови и трчање по трендовите што ни доаѓаат од светот. Веројатно во овој стил успеа да ја најдеш својата база за изнедрување на сите потсвесни идеи, сеќавања, спомени, стравови, сфаќања за светот некогаш и сега, секако нудејќи и специфична опомена за светот утре. Твоите дела се наоѓаат во збирките на музеите на современата уметност, на националните галерии, на институциите и во приватни колекции во Љубљана, Загреб, Белград, Сараево, Ниш, Подгорица, Битола, Штип, Куманово, Рим, Милано, Венеција, Њукасл, Торонто, Варшава, Сао Паоло и др., факт што ја докажува твојата позиционираност и оценка во тоа време во поранешна Југославија. Оценките на критиката не биле секогаш сјајни и во суперлативи, следени се и твоите падови во креативниот дух и инспиративност, но генерално и македонските (Борис Петковски, Соња Абаџиева, Антоние Николовски и други) и југословенските критичари (Миодраг Протиќ, Катарина Амброзиќ, Зрнка Новак, Воислав Девиќ и други) те издвојуваа како автор што „гази со сигурни чекори".

Селекција од извадоци или интегрални текстови од различни автори (историчари на уметноста, новинари, писатели, колеги-уметници) ќе бидат објавени во продолжението на оваа монографија, со цел да се даде еден поширок дијапазон и спектрален приказ на големиот интерес што си го будел во критиката и во медиумската јавност.

Твоите дела, кога ќе се погледнат, и во денешен контекст се современи и дискурзивни, што значи дека не се дела чиј моментум изминал, туку продолжуваат да остваруваат дијалог со реципиентот. Оттука, ценам дека како и секој творечки опус што е жива материја подложна постојано на нови преиспитувања и „преџвакувања", и твоето дело ќе продолжи да побудува интерес и да биде тема на истражување за идните генерации, кои можеби ќе ги толкуваат твоите дела и ќе ја „читаат" пораката на поинаков начин барајќи асоцијативност во осаменоста предизвикана од технолошкиот напредок и во дехуманизацијата на човештвото...

И за крај би ја употребила Хипократовата: "Ars longa, vita brevis, occasio praeceps, experimentum periculosum, iudicium difficile"[8].

**Портрет**, 1952
Масло на платно
**Portrait**, 1952
Oil on canvas

[8] „Уметноста е долга, животот краток, можностите минливи, експериментите опасни, а осудата тешка."



**Портрет на пеглачка**, 1953
Масло на платно, 36,5 x 30
**Portrait of a Woman Ironing**, 1953
Oil on canvas, 36.5 x 30



**Фовистички портрет**, 1954
Масло на платно
**Fovistic Portrait**, 1954
Oil on canvas



**Фовистички портрет со куче**, 1953
Масло на платно
**Fauvist Portrait with a Dog**, 1953
Oil on canvas



**Во крчмата**, 1953
Монотипија
**In the Tavern**, 1953
Monotype



**Калуѓерки на пазар**, 1953
Масло на платно, 75 x 60
**Nuns at the Market**, 1953
Oil on canvas, 75 x 60



# *FATE OF EXISTENCE*
## *(On the personality and work of Spase Kunovski)*

*Ana Frangovska, curator*

### INTRODUCTORY REFLECTIONS

(Setting in the studio of Spase Kunovski, Skopje, 2016)

...A female torso (black torso of a mannequin), whose surface textile is torn on the breasts whereby facture of wood is "peeled off" and the legs of the torso have garters. A sock stands still attached to the leg, while on the other - which also has a wooden incarnate as the breasts - the garter is attached by a needle. Hyper-realistic skies with clouds in the middle of the image are passing through the torso. Instead of a head - there are decoratively bent sculptural strips. Flies that fly in a column before the clouds in a shifted perspective... Surreal mood, and still a cheerful, pop iconography, which by its directness warns of "modern unwitting exposing" before the advanced-civilization prolegomena... in the effort just a little to capture the plunge in your painting "Vain Challenge" as introductory mood to this study about you and your work...

For a long time I have been trying to cope with the whiteness of this first page, perhaps just as you "made dialogue" with the white canvas... A challenging battle. It had to be perfect. You had prepared it to perfection before you put the first stroke on it. I heard the same from your friend and architect Trajko Dimitrov. The message and color hardly can be corrected later, at least in art - the canvas should last! Will this be a non-conventional monograph about you, about a past, a future, or is it about a timeless dimension that fits the human existence? Everything has become complicated... Your paintings... It is a reflectionabout the past, which builds the present and the future, a vision of the existence of the works of an artist who narrates and lives in the Balkan region. The process of collecting materials and studious plunge into your work is complex, and in this modern age in which we live, everything has become increasingly complicated (rather than being simplified). For many of your works, it is very difficult to follow their trail and their whereabouts even institutionally, not to mention privately. One can write a whole book about finding and collecting your works. The road that paintings have taken remains a mystery even nowadays. As if you had predicted in your paintings... as if your past and present had been transformed into the vision of a new and mysterious future... Hence, I chose this model of writing an unconventional monograph about you in

the form of a dialogue/monologue. Many ambiguities remain in my mind together with many empty runs, so hopefully dilemmas and virtual discussion with you will lead me to modeling this attempt at an objective view of your brief but very succinct creative life path. I am prepared for all critical attacks that will follow from the "eloquent" art pens, but just as you used to say: "My job is to paint, the job of critics is to interpret" - so my job is to write, and theirs is to "analyze".

„Куновски ја става човечката фигура во пејзаж и простор и ја третира донекаде волуменски. Тие се движат по две различни рамнини на современото сликарство (заедно со Мазев): за Куновски тоа се метафизичките рамнини на надреализмот и таканаречениот „магичен реализам“, во кои се случуваат некакви херметички и црнохуморни анегдоти кои кажуваат нешта што се временски пред и зад мигот од платното ... Куновски е изразит приврзаник на цртежот, кај него тој е чист, исцезелиран и има главна улога во сликата ... По расположение Куновски е сиот во морничави виолетови и халуцинантно зелени тонови што го кријат во себе стравот пред времето и просторот ... Со радост би ја дочекале истата појава кај Куновски (Мазев прави нов свијок во својот развоен пат), за кого се стекнува впечаток дека мошне го стеснил кругот на своите расположенија и атмосфери. Не се работи за пледирање за секакви промени по секоја изложба, не за тематска измена на веќе создадениот свет во кој авторот секако најприродно се чувствува, туку за проширување на мотивскиот круг кој почнал опасно да се стеснува околу овој сликар. Извесните стремежи кон надополнување на регистарот на сликарските реквизити се сепак видливи (поголемо детализирање на пејзажот, дури и некакво конкретно лоцирање кое може да доведе до интересни резултати) но нивните вистински постигања ќе можеме да ги видиме допрва на идната средба со овој сликар“... (**Влада Урошевиќ**, *Интерес кон човечката фигура*, Млад борец, 14.9.1960)

„Спасе Куновски сè уште се движи во еден магичен свет над кој се извишува сомнабулската фигура на осаменикот сред студенилото и безизлезноста на временскиот и просторниот вакуум. Летаргичните предели на светот од неговите слики, во кои силите на деструкцијата ги доведуваат реалните детали во бизарни спoеви, сè уште не покажуваат знаци чија потреба веќе почнува да се чувствува. (**Влада Урошевиќ**, *Изложба на групата „Мугри“*, Млад борец, 26,11.1961)

„Куновски, на пример, израснал во извонреден надреалистички сликар, надминувајќи го според резултатите дури и Миленко Станчиќ, со своите вертикали, носталгијата и чудната поезија што живее во тој негов свет. (**Ѓорѓе Поповиќ**, *Мугри*, Политика, 10.3.1961)

„Спасе Куновски му припаѓа на надреализмот. И веќе самиот тој збор говори за тенденција да се обезвредни постојниот природен поредок на предметите и односите, т.е. со доведувањето на реалните предмети во нереална ситуација и со спојувањето на логичното со нелогичното и можното со неможното, создава нова реалност за која не важат во практика утврдените животни норми, сфаќања и критериуми. За таа нова реалност важат само законите на уметниковата потреба низ неа да го изрази своето незадоволство, своето чувство на бесмисла и залудност. Кај Куновски тоа надреалистичко чувство потекнува од бесмислата на војната и нејзините последици. Човекот на неговите слики ги губи човечката вредност и содржина, станува празна неподвижна лушпа, механичка обезглавена кукла или безпомошна марионета која безнадежно се препушта на пустошот на просторот и времето. Причината за таа нечовечка пасивност, таа физичка и психичка отапеност и празнина, симболично се насетуваат во напуштените куќи, парчињата бодликава жица и во други атрибути зад кои се кријат ужасите на војната („Окупација“, „Напуштено село“, „Страв“). (**Драгослав Ѓорѓевиќ**, *Ликовните уметници од Скопје*, Народна армија, 1962)

... „Спасе Куноски остана доследен на својот ран израз со носталгични човечки мотиви во надреалистичен контекст и бенсхановска тага и осаменост“... (**Иво Фрол**, *Група „Мугри“, Изложба на македонски ликовни уметници во Белград*, 1961)

**Интегрални текстови:**

**Војислав Девиќ**, *Нови слики на Спасе Куновски, простории на Уметничката галерија во Ниш*, предговор, 1969

Целовитоста на современиот свет како уметнички израз е содржана во целовитоста на современото уметничко творење на човештвото. Тоа е основна причина што не смееме да го бараме во личноста која ни се претставува она што не е во нејзиниот израз. Неопфатени се и неиспитани светлите и темни длабочини на човековата душа. Многу наталожени, природни и стекнати човечки комплекси зборуваат за човекот повеќе од која било прецизна, егзактна научна работа. Спасе Куновски се занимава со таа човекова суштина. Сликите што ѝ ги прикажа на нишката културна јавност се прозорец во таа човекова длабока природа, во анатомијата на неговата потсвест, неговите црни претчуства, наивни радости и рефлексија на прелогичноста.

Осаменоста, тоа безглаво и бестелесно сениште на современото доба, се заканува да го уништи човекот во целост. Таа си поигрува со неговата рационална енергија фрлајќи го во преградката на напуштените или коригираните страсти, приморувајќи го без престан да се плаши самиот од себеси. Човекот на Спасе Куновски трага по пространствата на оваа планета по самиот себеси, а наоѓа само фрагменти од една потоната цивилизација, за чиј неславен крај придонесол и самиот. Перспектива без иднина, бестелесност на материјата, движење без промена на местото, универзалната безвременост, морничав шепот на тишината на неизговорените вистини и полувистини за животот, говорат од намерно свртената перспектива. Помеѓу природата и себе, човекот ставил знак еднакво. Ученикот го потценил учителот, го омаловажил, го прогласил за непосакуван. Треба да се создаде место за предметите, на тие послушни слуги на 20 век, па затоа, надвор со природната природа, на лентите подвижни со километри се фабрикуваат нови содржини на светот: нова свежа трева во анилински бои, ново сино небо со величествена отровна печурка што расте, нови луѓе со кибернетско срце и транзисторска душа. Човекот станува проиведувач и потрошувач на предметите кои се негов нов свет. Вистинската природа ги проговара правистините, таа го бара своето место во себе и во човекот. Да ѝ се создаде простор, тоа значи да се жртвуваат предметите.

Сликите на Спасе Куновски се предизвик за сите, тие нè присилуваат да прислушуваме тивки тонови на една вечна мелодија во нас и околу нас, за која мора да имаме слух.

**Викторија Васева**, *Надреализмот на Спасе Куновски*, Културен живот, Скопје, март 1978

Како што Шагал никогаш не го мина прагот на царството на несвесното, ниту пак некогаш успеал наполно да „ги исчисти своите галоши од руската земја" и поетската реалност, така и Куновски, во овие наши сфери, повеќе не сакаше отколку што можеше, а се ослободи од визуелната реалност, онаа од минатото и онаа од сегашниот момент.

Куновски повеќе се враќа кон изворите на својата младост, која со себе ги носи неизбришливите реминисценции од војната од кои навираат ликови, на кои им даваше ирационална структура синтетизирана во длабината на потсвеста. Меѓутоа таа носталгија од бесконечни сеќавања, од кои и резултира еден „носталгичен симболизам", произлегува од непрекинатото навраќање на емоциите со чија помош уметникот гради една имагинарна сцена на која учесниците со својата изолираност предизвикуваат чудно чувство на непостојна драма.

Наспроти спонтаноста со која твори, обликува и материјализира Куновски довикувајќи ги сеќавањата и потсвеста, во неговите дела има траги од осмислен остаток на намерното, што конечно ќе го обележи сиот негов творечки опус. И покрај ова чувство на осмисленост, неверојатната способност за евокација, која како да извира од пределите на несвесното, им дава трајна вредност на неговите дела и магична моќ останувајќи постојан извор на уметниковата инспирација. Тие „соневни преобразби на реалноста" произлезени како претскажување на несвесното ја чинат духовната срцевина на делата на Куновски.

Надреалистичкото видување на светот, материјализирањето на мисловното дејство надвор од „свесните или морални преокупации", проицирањето на дилемите, внатрешниот монолог, меланхолиите, стравот и, воопшто, психичките содржини, сведочат дека уметникот и неговите современици одамна го напуштиле времето во кое живеат. И токму оваа содржина на психата, во која за секогаш се вгнездени неизбришливите младешки видувања на воената пустош, стравот и страдањата, останува да живее на платната на Куновски – во урнатините, бесконечните хоризонти, во манекените, симболите и физиономиите осветлени со немилосрдна светлина од некој придушен, невидлив извор. Во делата на Куновски човекот е често кукла без лице, при што главата е заменета или со некаков асоцијативен и симболичен предмет или, пак, ни позволува да присуствуваме на нејзиното распаѓање и исчезнување на душата. Но, сите овие споменати предмети поседувајќи вонредна моќ на асоцијација и реминисценција, стануваат, во истовреме, содржински посилни од објектот. Тука главниот објект егзистира само како студен и празен носител на оваа таинствена, материјализирана суштина на несвесното.

Ако, како што вели Марсел Рејмон во својата студија Од Бодлер до надреализмот „Обвинението што може да се покрене против надреалистите и онаа подлабока причина поради која тие и дефинитивно не успеале да ја спроведат својата револуција е во тоа што се обиделе да го изнасилат несвесното, со силата да ги победат тајните кои можеле и онака полесно да се откријат и од помали уметнички умови", тогаш Куновски е ослободен од обвинението зашто, се чини, тој не го изнасилува несвесното, не го пренагласува, туку му служи да прекине со приказот на нештата онакви какви што

се, како и со грубата, брутална реалност за да ни ги открие контурите, гласовите и слоговите на еден процес на настанување и исчезнување, чие раѓање и умирање е длабоко врежано „од онаа страна“ на свеста, некаде во таинствените лавиринти на уметниковата душа.

За разлика од еден дел уметници, кои во рамките на надреализмот се ориентирани кон „параноидните процеси“, егзибиционизмот, автоматизмот (Арп, Дали), во југословенските ликовни сфери Куновски единствено останува доследен, но и свесно несвесен следбеник на надреализмот и еден од ретките што сонува со отворени очи. За неговите дела повеќе може да се каже дека се спротивност на Бретоновото тврдење „диктатот на мислите е зависен од секоја естетска или морална преокупираност“. Ова е особено нагласено во уметниковите дела сврзани за последните години на војната.

Кај Куновски решава свеста. Таа е силата што диригира и диктира, скротува и несвесно насочува, таа ги материјализира и ги обликува нејасните, фрагментарните и повремените продори на потсвеста. На крајот, несвесниот почеток на уметникот во творечката постапка и свесното докажување на евидентните вредности лежат во заемниот однос на свесното и несвесното, што им дава вистинска вредност и висок уметнички квалитет на неговите дела. Затоа, Бретоновото „Јас верувам дека привидната спротивност помеѓу сонот и јавето ќе биде решена во некој вид апсолутна реалност, - во надреализмот“ значи „Јас верувам во Спасе Куновски“ зашто неговата апсолутна реалност се неговите дела.

Безличните и безглави ликови, на чие и физичко, и духовно распаѓање и исчезнување присуствуваме, претставуваат симбол на крајната отуѓеност, осаменост и бесмисла за да бидат, во истовреме, и апел за еден похуман однос и ред.

Спасе Куновски е од ретките уметници кој докрај останал доследен на една веќе прифатена стилска концепција и определба, та неговиот досегашен творечки опус претставува една заокружена целина.

Иако, Куновски, како што можеда се очекува, по завршените студии во Загреб минал низ фазата на индивидуално стилско превирање, неговата стилска ориентација се насетува од поодрано, кога набргу по завршената академија, со група македонски уметници од средната генерација (Мазев, Велков, Ѓорѓиев, Кондовски, Аврамов, Хаџи Бошков, Митриќески), претставува и пропагира нови и свежи идеи. Почнувајќи со поетскиот реализам, преку импресионизмот, кубизмот (1952-53 г.), футуризмот (особено во цртежите со карактеристичното Пикасово дуплирање на екстремитетите) за да почне со навестувањето за надреалистичката определба по 1956 година.

Одејќи ретроактивно со цел да се разберат уметничките валоризации во рамките на надреализмот, стануваат јасни неговите првични композициски решенија, во кои се вклучени поголемиот број составни елементи, колористички посурови и стилски непречистени за на крајот да се изродат и да дадат како краен резултат на уметниковото дозревање и уметничкото формирање како естетско и идејно пречистено композициско и колористичко решение, со мал број присутни елементи, каде што просторот добива првостепен карактер и осмислување.

Оваа нова ориентација во рамките на надреализмот ја следи редуциран идеен речник, кој како и неговите ликовни презентации му ги отвора новите можности во потрагата за еден нов, поетичен израз и посуптилен тоналитет, но и вечно присутна надреалистичка вознемиреност и љубопитност, при што и покрај одредената условна ведрина се огласува навестувањето на „безличниот масовен човек“. Во контекстот на творештвото на овој најнов поетски дух, при што во основа останува класичар, Куновски како повеќе да не трага толку упорно по „носталгијата на бесконечното“, туку по ведрината на конечното.

**Соња Абаџиева - Димитрова**, *Еволуцијата на македонскиот надреализам низ творечкиот развој на еден сликар,* Нова Македонија, 8 јануари 1978

Денешната средна генерација македонски сликари ја задолжува нашата скромна ликовна историја со посуштествени осовременувања на академско-класичниот начин на уметничко соопштување. Нејзиното вклучување кон општите текови на ликовното се изразува во почетокот со настојувања што му се најблиски на надреалистичкиот штимунг. Спасе Куновски, кој повеќе од своите врсници и духовно, и стилски се идентификува со таа атмосфера, израснува во вистински втемелувач и најкарактеристичен интерпретатор на надреалистичкото движење во македонското сликарство. Дијалектичкиот развој на неговото набљудување на стварноста и на нејзината интерпретација со посредство на феномените релевантни на потсвесното, сонот, имагинацијата, но и на свесното, сведочи за континуирано надградување и усовршување на ова светски интонирано настојување.

Неговата тукушто отворена монографско-јубилејна изложба во Музејот на современата уметност, низ еден селективен избор на 120 дела (слики, цртежи и монотипии), настојува да го воспостави оној, понекогаш изгубен, контакт на публиката, со она што му претходело на надреалистичкото кажување на Куновски (и од чија содржина се изградиле сите оние логични степени на концептот што за овој претставува ликовно „вјерују“ речиси веќе 20 години) и со сето она што го валоризира како впечатлив претставник на македонскиот надреализам.

Како и повеќето сликари, по завршувањето на академијата, Куновски бара начини за самостојно уметничко артикулирање. Годините од 1952 до 1956 ги одбележуваат вообичаените лутања, експериментирања и барања на личниот ликовен идентитет.

Се обидува во неколку насоки кои не познаваат некаков доктринарен редослед и хронологија. Отпочнува во духот на поетскиот реализам, избирајќи ги традиционалните жанрови. Слика главно портрети, со благи, едвај забележителни редукции на цртите, инсистирајќи на психилошките нијанси

во физиономијата. Воздржаниот ликовен третман го зема од регистарот на добрата класична школа. Во исто време се јавува и своевидно, не така доследно сфатено, импресионистичко проседе. Тоа индицира напуштање на академската ортодоксност и насочување кон сферите на една нова ликвидност. Во 1952/53 година создава бизарни портрети (монотипии и цртежи) со сета двоинственост на ликовниот израз. Станува збор за невообичаени проекции на фигурите, кои низ геометриската редукција ги сугерираат кубизмот и некои аспекти на футуризмот. Во истиот период одбележуваме излегување од херметичките простори на портретите, во пленер, кога авторот е опседнат од пејзажот и неговите варијации во сезоните. Тоа открива извесен афинитет за фовистичките созвучја и експресионистичките бележења на стварноста. Се чини дека обиколката, безмалку, низ целата историја на модерното сликарство, конечно се запира кон 1956 година, од кога датираат неговите почетоци во надреалиситичка насока. Тоа се, се разбира, мошне претпазливи вовлекувања во таинствениот штимунг на ова движење но повеќе насетувачки одошто конкретни.

Во следната фаза настапува постепена еволуција кон посамостојни ликовни хоризонти. Формата и композицијата добиваат попрегнантен карактер, се извршува редукција на ликовните елементи. Неопределената полифоничност на боите претрпува колористичка рестрикција, сведена главно на студен регистар (модро-сино, маслинесто-зелено, ултрамарин и кобалтно сино). Се создава атмосфера на бизарно чувствување на настаните и на односот на нештата во просторот. Сликите создадени во периодот од 1957 до 1960 година се отворање ново поглавје во современата македонска ликовна уметност, свијок кон дотогаш неоткриени светови на фантастичното и стварното. Интересот за потсвесното, за психичките региони, го налага литературниот елемент, односно доминантното дејствување на сижето. Избирајќи го конечно сопствениот свет на ликовното, тој се впушта во негова и мисловна, и уметничка разработка. Тематскиот регистар оди кон нови насоки. Како дотогаш да биле заборавени силните импресии од грозоморното детство, сега тие светнуваат како ненадејна илуминација и стануваат мошне благодарна граѓа за нови творечки конструкции. Пепелиштата на пустошот, скелетите во разорениот пејзаж, чудните суштества – сите тие остатоци од воениот вител, во иднина ќе ја обликуваат идејната основа на неговото сликарство. Така, мошне конкретните нешта поставени во невообичаени ситуации на метафизичка молкнатост го чинат овој темномаслинест и индиго-син театар на сеништа специфичен за првите надреалистички платна на Куновски, на кои не им е туѓа илустративната нарација, шаблонизираната стилизација и сценско-тетралната композиција. Позначајниот дел на слики од следната творечка фаза до 1967 година значи суштинска надградба на неговиот надреалистички „менталитет". Таа ненадејна преобразба се однесува подеднакво на содржинско-идејните, композициските и останатите ликовно-естетски компоненти. Нивниот сè уште ненаметливо интервентен карактер го оправдува една посуштествено ангажирана мисла за егзистенцијалните проблеми, судбинската неизбежност, психичките последици во тој амбивалентен свет на лажно спокојство, апокалиптичка опустошеност и неизлечива носталгија. Впечатоците од војната, земјотресот и поплавата во Скопје (значи станува збор за конкретни збиднувања) се присутни во повеќе слики. А пораката што сака да биде соопштена низ сплетот на магичното спротивставување на логичното и апсурдното, органското и неорганското, трајното и кратковечното, во судирот на човекот со пејзажот, со архитектурата, дејствува со својата позитивна, оптимистичка обоеност: зад мрачните визуелно-психолошки бележења на парадоксалните мигови на минатото, останала неосквернетата надеж за спасот на хуманото во човекот.

Делата создадени помеѓу 1967 и 1974 година значат натамошно обновување и збогатување на надреалистичката лексика на Куновски, нови докази за можниот опстанок на една позитивно насочена еволуција на неговиот надреализам. Ја освежува својата визија со поголема ангажираност и актуелност на сижето и постапките. Станува збор за еден „модернизиран" надреализам, мошне близок до некои аспекти на поп-уметноста, новата фигурација и фотографскиот реалзиам. Симболичните претстави на човекот не ги поднесуваат веќе метафизичкиот бол и меланхолија. Претставата не се сугерира во нејзината кулминантна фаза, туку напротив, во процесот на една детално прикажана акција. Ликовниот простор кој се открива пред нас оди во прилог на еден постојано нагоре насочен творечки дијаграм. Повеќето позитивни промени во ова сликарство може да се објаснат и со построгата самокритичка интервенција на авторот. Доаѓа пред сè до она толку нужно ликовно-естетско прочистување и поедноставување. Морбидните елементи се сведуваат на подносливи димензии. Мислата е поодредена и полесно читлива, пораката појасна. Речиси сè е сведено на една елементарна синтакса. Се создава нагласено чувство на поетичност, на една еуфоричност на општата атмосфера, во која останува да се насетува надреалиситичката мачнина и да се почувствува вознемирувачкиот притисок на таинственото. Интересот го задржува на човечката фигура во нејзината нетрадиционална, збунувачка варијанта. Сликата ја составуваат избрани објекти и суштества сведени на минимален број. Мошне често на една фигура. Модификациите на светот се постигнуваат со методот на спротивставување на релативно трајни со ефемерни елементи, на симболи на животот со симболи на смртта, на инстинктот на умирањето со воскреснувачкиот жар на животот, на поезијата на умирањето со поезијата на повторното раѓање. Интегралноста на тие нови настојувања се одразува и на колористичката организација, која за првпат во неговото творештво се заснова на светли и пастелни хармонии, на суптилни тонски варијации (костенливи, портокалести, млечно-сини и зелени, сиво-бели и слично). А кога станува збор за новите слики, треба да се нагласи и телеграфскиот начин на

соопштување, кој го заменува долгото и понекогаш здодевно раскажување присутно во поранешните дела (тука се мисли пред сѐ на платната прикажани на неодамнешната изложба на македонското сликарство во Париз).

Денешната фаза на сликарот ја доведуваме во врска со анегдотскиот третман на фигурите и предметите карактеристичен за познатиот надреалист Рене Магрит. На врската со него и со Пол Делво, упатуваат исто така и опседнувачките еротски созвучја во некои дела на Куновски од овој период (Јана I, Игра со ветер, Енигма, Жена во облаци, Соња, Сликарски мантил, Апсурден акт итн).

За разлика од повеќето надреалисти, авторот не се потчинува исклучиво на апсурдот како идеал, на темните артикулации на потсвеста. Како појдовница му служи еден пошироко сфатен антропоморфизам, напојуван непрестајно од артериите на стварноста. Значи, не станува збор за вообичаеното избавување од реалните категории на животот, туку напротив, тоа е обид за нивно толкување на начин кој го подразбира како основа свесниот, објективниот момент, кој патем не ги исклучува и потсвесните интервенции и реагирања на постојното. За прикажување на својот свет, Куновски го користи класичното проседе. Кај него нема измислени суштества, предмети и хибридни творби од типот на оние специфични за Ив Танги или Макс Ернст. Надреалистичкото чувство на вознемиреност го остварува со необичните постапки, со променетата функција на предметите и суштествата и најчесто со метаморфозата. Од друга страна, тешкиот дијалог на личностите во неговиот ликовен театар, нивната меѓусебна некомуникативност, ни ги откриваат авторовите размислувања за енигмата на егзистенцијата воопшто. Неговите идејни структури се концентрираат на денешните мошне актуелни човечки проблеми: отуѓеноста, уништувањето, стравот, „беншановската тага и осаменост".

Прикажувајќи ни ги јасно и сугерирајќи ни ги сите овие неволји на современиот човек, тој спроведува еден вид индивидуално ослободување од нивниот товар апелирајќи за една почовекољубива стварност. Во таа смисла насочен, неговиот денешен надреализам ја содржи онаа ангажирана варијанта на која ѝ ги посветуваме нашето целосно внимание и нашата желба за нејзино натамошно усовршување.

**Паскал Гилевски**, *Свет на чувства,* Вечер, 28 декември 1977

Импозантната ретроспектива на истакнатиот македонски сликар Спасе Куновски за прв пат ни овозможува да го согледаме речиси во целост неговото творештво од почетоците до неговите најнови остварувања. Се забележува еден постепен подем во сликарството на Куновски, без поголеми скокови и падови, одликувајќи се со една мајсторска студиозност во третманот на сите елементи и симболи што го градат неговиот своевиден, оригинален магичен свет, со кој авторот не само што задржува едно од највидните места во македонското, туку и едно од видните места во целокупното повоено југословенско сликарство. Тргнувајќи од една постакадемска, реалистичко-експресионистичка фаза, во која преовладуваат портрети и актови, како и извесни обиди за стилизиран пејзаж и стилизирани фигури, Куновски веднаш преоѓа во својата втора фаза, која сѐ до денеска со големо трпение и љубов ќе ја збогатува со нови технички и фигуративни сознанија. Таа негова втора и, би рекле, последна фаза, која е наречена надреалистичка, во натамошната работа на Куновски, задржувајќи ги основните стилско-технички карактеристики, речиси незабележително ќе се модификува во еден вид магичен реализам што е исполнет со една поетска филозофија за суштината на животот, за судбинските прашања на индивидуалната егзистенција.

Зашто Куновски е сликар на индивидуалните настројби кои се одразуваат врз видливиот, визуелниот свет и го трансформираат во еден „друг" свет, во еден свет на меморијата и на сонот, каде што наполу е изменет редот на работите и тие му се покоруваат на внатрешниот диктат, на волјата на авторот. Но, иако Куновски интерпретира еден индивидуален ред на работите, тој не е субјективистички сликар, туку со помошта на својата полуреалистичка постапка врз своите платна ги објективизира личните согледувања и доживувања, внатрешните драми на човековото постоење, на тој начин правејќи им ги достапни и разбирливи на сите луѓе. Бидејќи проблемите што го окупираат Куновски се општи проблеми на современиот човек, се разбира, видени низ призмата на еден уметник.

Впрочем, Куновски нема намера да ни го прикаже светот каков што е или каков што го гледа, туку таков каков што го чувствува. Не можеме да кажеме ни тоа дека Куновски е песимист и покрај неговите чести стравични и осаменички визии, зашто тие визии потекнуваат од заедничката несреќа на луѓето, од општата опасност на човештвото: војната. Повеќе би рекле дека тоа е една искрена и хумана напомена, еден уметнички протест против сите зла што му се закануваат на современиот свет.

**Т(ашко) Ширилов**, *Полиптих на 50 квадратни метри,* Вечер, 14 април 1977

Истакнатиот македонски ликовен уметник Спасе Куновски, академски сликар, е добитник на повиканиот конкурс на Македонската академија на науките и уметностите за реализација на една монументална слика што ќе биде трајно изложена во просториите на Академијата.

...Мојата творба што ќе зазема површина од над 50 квадратни метри ќе понуди едно специфично, во извесна смисла детализирано видување на една интегрална тема што јас, се разбира условно, би ја нарекол континуирано опсервирање и доживување на егзистенцијалната суштина што со гордост ја именуваме како наше поднебје. Токму затоа творбата што претставува една огромна композиција полиптих ќе почнува со археолошките сознанија за просторот на кој своите витални корени ги пуштиле нашите дамнешни

предци осмислувајќи го и облагородувајќи го со себеси во текот на вековите.

Ова наше поднебје, продолжи Спасе Куновски, во својата долга историја било ветрометина во која човекот доживувал тешки искушенија во борбата за опстанок. На овој план мене посебно ме привлекува дијалектичката рамнотежа помеѓу страдањата и црнилата и резултатната сатисфакција на борбата за опстанок. И токму поради историскиот факт дека на овој простор се опстојало, во мојата творба, пред сè, во нејзините колористички решенија, ќе доминираат симболите на трајноста и слободата. Посебно ќе инсистирам на ликовното трансформирање на нашиот историски континуитет со строго оградување од сите видови на ликовновизуелната транскрипција на темата.

Во основата на мојата опсервација на темата е историскиот пресек полн со црнила, но истовремено богат и со полифонијата на поривот за слобода. Тој пресек е симбол на фрескосликарството, на копаничарството, на просветата и литературата и на сите светли епопеи од Самоил до Илинден и НОБ.

Овој полиптих ќе претставува мое животно дело. Ако сè се одвива според планот, полиптихот ќе биде готов до крајот на идната година.

**Зрнка Новак**, *Ликовна хроника, Изложба на Спасе Куновски и Боро Митриќески во галерија „Форум“*, Загреб, Око, бр. 82, 1-15.5.1975

Делото на македонскиот сликар Спасе Куновски е по малку херметично. Тоа несомнено припаѓа на врвните ликовни остварувања на современата македонска уметност. Тоа е сликарство во кое има елементи на традиционалната надреалистичка содржина – и како и секое сликарство што нè воведува во слоевитите лавиринти на човековата потсвест – тоа е фигуративно. Говорејќи за тоа дело, македонскиот писател Славко Јаневски запишал: „Зарем не сме обземени од поетското сочувство, за сè што насетуваме во овој табор на дрвени кловнови, жени или кукли – кои изртеле од штаките на инвалидите, започнатите актови, или сомнабули на столб, меч или распетие“. Авторот е навигатор на тој пат за морбидни, но животни легенди, легенди кои растат, стануваат и остануваат голема асоцијација. Колористички, Куновски остананува придушен и одмерен како и неговите ликови, како и сликарските објекти: сопнати подигрувачи на човековите сновиденија.

**Зоран Милиќ**, *Луѓе маски,* Лист Младих „68“, Ниш, 1969

Нестварни луѓе, луѓе од метал, луѓе маски во некој апокалиптичен свет, лишен од убавина, лишен од причина и смисла на постоењето, во светот на чудните нешта, рамнодушноста, трагичниот, изневерувачки свет, каков што е понекогаш овој нашиот, светот кој лебди и е на работ на катаклизма, кој секојдневно опасно еквилибрира помеѓу светлоста и мракот – тоа се платната на Спасе Куновски. Луѓе отворени со клуч за конзерви, луѓе оџаци, луѓе маски, луѓе отпадоци од човечкото; свет страшен и нестварен , свет кој опоменува, но и свет кој плени поради својата изворност и мајсторство, слободата и чистотата. Имаме пред себе човек жртва, човек каков што не постои и не треба да постои, човек кој со својата несреќа се спротивставува на сите можни несреќи над кои така необично, така често, така неодговорно лебдиме...„наидуваме на морничава тишина“, како би рекол Славко Јаневски. Таа тишина ненадејно ни ги допира сетилата со акордите на напукнатите черепи, преку чија насмевка ѓаволот распнал бодликава жица на која со вжештено копито се свири полка на мртовците, на оние мртовци што се раѓаат мртви и не се плашат од смртта бидејќи нивната колевка и нивниот дом е напукната, ладна, недостапна земја на непознатиот континент – што е, каков е и каде ќе оди овој свет од еден друг свет? Без одговор сме. Но, не и уметникот кој му дал право на живот во името на вистинскиот живот.

**Миодраг Протиќ**, *По повод изложбата на современта македонска уметност во Белград*, Нова Македонија, 9 март 1969

Куноски, всушност, е прв и доследен протагонист на сиреализмот од „класичен тип“: тој ги задржува интегритетот на објектот и човечката фигура, но со посредство на познатиот метод на алогична јукстапозиција ги доведува во напнати односи и простори сугерирајќи атмосфера на маѓепсаност.

**Борис Петковски**, *Самостојна изложба на Спасе Куновски во Белград,* Нова Македонија, 26.04.1970

Најновата ликовна епизода на уметникот е дел од еден континуиран процес на градење цврсто профилиран пиктурален систем, тешко рецептибилен за инфилтрација на пиктурални потфати  што не се вградуваат во неговите битни белези. Куновски веќе една деценија обликува една визија за специфичен, егзотеричен свет, исполнет со атмосфера на некаква горчлива носталгија, на понекогаш пренагласена, дури екстровертна психичка тешкотија: тоа е објавување на еден општ, а напати прецизно тематско-содржински индициран „егзистенцијален страв“ што уметникот го спроведува како откривање на морничавите фобии и кошмари на човековата личност; тие се одвиваат во еден неодреден „надреален пејзаж“ или во само условно, низ асоцијативни трансмисии и укажани „реални“ простории. Овој уметник умее преку елементите на магичниот реализам и надреализам, во оној вид што го користи „доброто сликарство“ (грижлив цртеж, тонско, „ренесансно“ третирање на боите) да создаде неочекувани, бизарни опстановки за нештата, за луѓето и да им соопшти облици на стварно-нестварни форми: тоа е свет на необични марионетски, сомнабулни ликови и

фигури, поставени во предели каде што владеат чудни односи и композиции на предмети опфатени со атмосфера на неодредени опасности, на владеење на бесмислени, разурнувачки стихии. Оттука, за Куновски не постоеше потреба од посебен креативен напор за однесување кон трагедијата на градот што одамна, посредно или непосредно, стана мотив на неговото сликарство: мислам на повеќе слики што ја искажуваат уметниковата определба на скопската трагедија од 1963 година.

Во последно време некои творби на Куновски искажуваат потреба да „се разјаде" основната тема на досегашното творештво со внесување некои нови пиктурални моменти. Претпазливо користени, тие пред сè значат обид за изнаоѓање нова „звучност" на колоритот, во кој напати продираат решенија што се користат со некои подрски, поагресивни детали, површини или акценти. Унифицираната смиреност на сликата на тој начин се „разнишува", ја губи својата меланхолична изедначеност во емотивниот, содржинскиот контекст и во општата хроматска организација на композицијата. Наедно, Куновски сака да се служи и со „несликарски" материјали или постапки, грижливо, педантно вклучени во општата пиктурална матрица. И настојувањето да се изнајдат уште подрастични, уште понеочекувани, заjадливо-предизвикувачки, цинични или морбидни односи помеѓу нештата, односно нивното навестување во сликите на Куновски и човекоподобните суштества изложени на безмилосна кошмарна ликовна, „деструкција" откриваат дека личноста на уметникот е засегната од потребата за обновување на својот духовен и ликовен репертоар: со понагласена отвореност кон некои ликовни остварувања во рамките на таканаречената „нова" и „протесна" фигурација и во новите форми на надреализмот. Според тоа, белградската изложба на Куновски треба да значи една пресвртница во неговото творештво, рекапитулација на еден довршен креативен напор и аспирација да се изнајдат нови, грижливо барани и градени перспективи на своето сликарство.

*Интервју на* ***Славко Јаневски*** *со Спасе Куновски, предговор за каталог,* Уметничка галерија, 1971

ЈАНЕВСКИ: Надреалист си. Сè уште мислам дека во овие загадочни амбиси на творење те влече убавината на ужасот.

КУНОВСКИ: Не ѝ се тргам на таа убавина. Напуштените куќи се черупки на осаменици. Од тие краишта сум. Тоа ме привлекува, ме растажува, ме доведува до очај. Осаменоста е убавина, но и ужас. Моите личности се осамени, начнати, изгубени.

ЈАНЕВСКИ: Таму кај што нема луѓе, и времето е мртво. Размислувам за тоа какви би биле Бош и Бројгел во современиот свет на атомски заканувања, на менаџерски разорувања на организмот и психата, на сите оние мали и големи војни.

КУНОВСКИ: Гротескноста на нивните слики би била иста, ужасот многу поголем.

ЈАНЕВСКИ: Врати се во нивното време, сликај.

КУНОВСКИ: И во тоа време ќе бев ист каков што сум сега, само со херои во подруги костими.

ЈАНЕВСКИ: Повикан си на олимпијада на сликарството. Можеш да типуваш на оној човек со опавчиња од глувче над устата, на оној Дали. Не заборавај дека се таму и Брак, Пикасо, Шагал, Де Кирико.

КУНОВСКИ: Ги ставам на иста линија на целта. Еве сум и јас и некои мои врсници зад нив. Би сакал да го почувствуваат нашиот ѕверски здив во тилот.

ЈАНЕВСКИ: Врсници има многу, големи сликари малку. Те ставам на проба: насликај портрет на атомска бомба, јас го сторив тоа во стиховите „Евангелие по Итар Пејо".

КУНОВСКИ:Не умеам да го објаснам она што ќе го насликам. Ќе го објаснам веќе тоа на платно со бои.

ЈАНЕВСКИ: Насликај го барем портретот на еден што живееше вчера или живее денес.

КУНОВСКИ: Ќе ги скицирам стиховите од твоето „Евангелие...":

„Еден Македонец
Арен Македонец
Божи Македонец
Изел Македонец
Па не знае
Дали е 1*1 Македонец
Или 2-1 Македонец."

ЈАНЕВСКИ: Што се однесува до современикот, јас го сакам. Ми пречи полтронството, чиновничката суровост, шупливите фрази, неработењето, лагата, глупоста. А тебе?

КУНОВСКИ: Прашањето со сите тие набројувања би го поставил и јас. Несфатливи ми се уметниците со сите тие (анти)-квалитети.

ЈАНЕВСКИ: Еден гигант рекол дека грбавиот ќе го исправи само грбот. Сети се на онаа моја игра на поединец против една комисија која располага со парите за културата. Воопшто не знам дали нешто се изменило за нецела година.

КУНОВСКИ: Мене никој не ми поднесол сметка за тоа. И не ми треба. А тебе?

ЈАНЕВСКИ: Јас им поднесувам сметка на сплетките. Затоа не сликај го актот на бирократот. Би ме убила веста за твоето внимание.

КУНОВСКИ: Остани доследен на онаа твоја изјава: уметникот се раѓа сам и умира сам. Му припаѓа на општеството, но живее сам.

ЈАНЕВСКИ: Ги читам Библијата, Коранот, митовите, Достоевски, Фокнер, Витмен, Лорка, Андрич, Давичо, Брем, пумарски прирачници, сè за билките и за животните. Речи ми чии слики гледаш.

КУНОВСКИ: Фреските по нашите манастири, Нерези, Марковиот, Нагоричани. И сликите на оние што ги споменавме во разговорот во врска со онаа олимпијада на сликарството, и оние што не ги споменавме.

ЈАНЕВСКИ: Но, да си се родил пред сите иконописци?

КУНОВСКИ: Тогаш што гледал пештерскиот човек, оној што сликал?

ЈАНЕВСКИ: Дали би основал ликовна академија на надреализмот?

КУНОВСКИ: Ако го сторам тоа, тогаш лорњонот и глувчешките опавченца ќе му останат сепак на Салвадор Дали. Меѓутоа зошто, чуму ѝ е школа на школа?

ЈАНЕВСКИ: Знам еден незнајко кој се плетка помеѓу слики и скулптури.

КУНОВСКИ: Умеењето на творењето со задоволство ќе се степа. Незнајковците само привидно го добиваат бојот. Често со полтронство и декрет – да биде тоа, да решава за тоа, да сопнува околу себе.

ЈАНЕВСКИ: По ѓаволите со таквите, но можеби некои од нив и ја сакаат уметноста.

КУНОВСКИ:Можеби ги собираат и сликите како што можат да собираат човечки души во подрумски тегли.

ЈАНЕВСКИ: Тресни го по десертот додека му е в гуша, ако не си превисок. Мене ми се потргнува од патот.

КУНОВСКИ:Сепак, тој е сè уште силен. Еве ти ја сликата: расен бик под ногата на надуен жабок.

ЈАНЕВСКИ: Еве ти положба. Стори нешто за динарот на културата.

КУНОВСКИ: Ги кинам обрачите на монополизмот и му наоѓам вистинска намена. И ако тој динар, како што велиш ти, е наменет за културата, тогаш му ја враќам неговата вредност.

ЈАНЕВСКИ: Еве ти положба на волшебник. Направи го човекот среќен.

КУНОВСКИ: Ги бришам од животот злосторот, дискриминацијата, војните.

ЈАНЕВСКИ: Брзаш. Но, бездруго нема да ги заборавиш полтронството, кариеризмот, подметнувањето.

КУНОВСКИ:За среќата на човекот тоа би било премногу.

ЈАНЕВСКИ: Циникот од еден мој текст вели: „Утре сите ќе пишуваат, никој не ќе чита". Утре сите ќе собираат слики. Не вреди да се пишува, не вреди да се слика?

КУНОВСКИ: Јас сепак ќе сликам. Друго ни умеам, ни сакам.

ЈАНЕВСКИ: Вчера не беше така?

КУНОВСКИ: Јас и вчера сликав. Друго не умеев и не сакав.

ЈАНЕВСКИ: А денес?

КУНОВСКИ: А зарем ти не пишуваш денес?

ЈАНЕВСКИ: Појдоа на месечината. Што ќе им го тоа?

КУНОВСКИ: Месечината не е свет на мистеријата. Не ме возбудува.

ЈАНЕВСКИ: Јас Ленина го сакав жив, не мумија. Би го вратил Владимир Илич во животот, Сервантеса, Балзака, Чехова, Ајнштајна, многумина... Дополни...

КУНОВСКИ: Гола, Веласкез, Свифт, Толстој, многумина...

ЈАНЕВСКИ: Значи, твојот тип човек – опиши го.

КУНОВСКИ:Тип на достоинствен, креативен, човекољубив човек. И смел.

ЈАНЕВСКИ: А античовекот?

КУНОВСКИ: Оној што им пакости на средината, на прогресот, на иднината.

ЈАНЕВСКИ: Парите?

КУНОВСКИ: Без задоволство продавам слики.

ЈАНЕВСКИ: Ги пребројуваш банкнотите или ги избираш купувачите?

КУНОВСКИ: Второво. Сè поретко. Тешко се делам од сликите.

ЈАНЕВСКИ: Вели еден на англиски „Овде спокој најдов јас. Џими Хог (моите греови ќе ги прости Бог) (а јас би сакал да сум жив и бог), а бог да биде тој покоен Хог."

КУНОВСКИ: Напиши им епитаф на самоповиканите богови. Тоа можеш.

ЈАНЕВСКИ: Вели еден друг на руски дека на човекот сè треба да биде убаво – и облеката, и лицето и душата. Така некако. Прочитав дека хероината на татковинската војна, Зоја, го чувала тоа во својот нотес или дневник. Што да чува твојата ќеркичка во нотесот?

КУНОВСКИ: Сè за убавината на духот и телото.

ЈАНЕВСКИ: А нашата современичка?

КУНОВСКИ: А зарем Зоја Космодејанскаја не е наша современичка?

ЈАНЕВСКИ: Но, жената денес можеби е опседната од модата, од козметиката?

КУНОВСКИ: Тоа не ја ослободува од грижите и од обврските во секојдневниот живот.

ЈАНЕВСКИ: Се прават обиди, еден вид помодност во уметноста да се загрне со плаштот на модерното.

КУНОВСКИ: Зошто, пак, конзервативците да бидат подобри од помодарите?

ЈАНЕВСКИ: Иднината на сликарството од твојот тип?

КУНОВСКИ: Има мигови кога е претешко да се говори и за иднината на човештвото. Сепак – верувам.

П.С.

ЈАНЕВСКИ: Критичарите ликовни – како се некои од нив со здравјето, со умеењето?

КУНОВСКИ: Некои не се во состојбва да го отфрлат плагијатот и аналфабетизмот. Поедини пишуваат според шемата на крстозборите.

ЈАНЕВСКИ: Знам и молчам засега. Еднаш ќе им ја споменам веќе, нивната т.н. инвентивност, т.е. може и да не го сторам тоа. Што ним, на тие поединци, им недостасува?

КУНОВСКИ: Критериум, познавање, вистински збор, подлабока смисла, професионална одговорност. Секогаш сè исто за сите зборуваат. Еден вид лажен хуманизам ги покрива и ги форсира таквите појави и во критиката, и во уметноста. А ете, се молчи.

ЈАНЕВСКИ: Се молчи. Но, таквите медиокритети се денес и во другите уметности малечки богови. Еден ден можеби малку ќе умрат, ќе си почекаме. Дотогаш нека се граба за монопол неспособноста во една општа монополијада.

**Симон Шемов**, *Сонот и магијата на предградието,* Вечер, 18.5.1967

Од 5 до 28.05.1967 година, во организација на Музејот на современата уметност во салонот на „Ѓуро Салај", е отворена изложба на познатиот македонски сликар Спасе Куновски.

На Куновски ова му е четврта самостојна изложба, а скопската публика го познава неговото сликарство и од бројните групни изложби. добитник е на републичката Октомвриска награда за сликарство, а со своите настапи во земјата и во странство, каде што го претставувал македонското сликарство е забележан како квалитетен уметник во домените на надреалното.

Како приврзаник на надреалистичката естетика, Куновски поради својата индивидуална интерпретација прави отстапки од насоките на надреализмот и од тие причини помалку или повеќе е лишен од основниот подем: „Визуелно-метафоричниот шок на нештата кој е толку својствен на надреализмот". Куновски свесно прибегнува кон фактографско означување на предметите во композицијата сврзувајќи ги меѓусебе со помош на архаична содржина. Оттука, визиите на Куновски се наметнуваат како резултат на реалистичко истражување, на оној реализам граден врз поетска содржинска основа, при што фигурите се одликуваат со невообичаена статичност и отуѓеност. Меѓутоа, би било погрешно да се забележи настојувањето на Куновски на еден лирски начин да се определи за надреалистичкиот шок (Сина визија). Во сликите со вакво настојување, уметникот акцентот го ставал најчесто на последниот впечаток на видливото: на контрастно обоените предмети, на загадочната опстановка и меѓусебниот однос на разнородните осамотени предмети. Типизираните личности проследени од мистифицираното драмско самување во простории глуви од меката тишина на предградието, простори кои се најчувствителниот дел од сликарската палета на Куновски. Како во тегобен сон некое куче се шета низ празнина, бело копче блеска од земјосаните алишта на кловн, живо плашило се пече на зраците на месечината, а осамениот стол позира под рамнината на пејзажот.

Фигуративните елементи во сликите на Куновски, било да се тоа луѓе што чадат закачени за стапови, женски актови или безопасни, бели коцки или станбени бараки, најчесто поради својата предметна изолираност не ѝ припаѓаат на класичната просторна заднина. Поради оваа апсурдност на односите фигура-простор се наметнува впечатокот на сонорност, магичност или надреалност што кај Куновски е повеќе резултат на програмски одошто на визуелен приод.

Таму, пак, каде што се избришани границите помеѓу фигурите и просторот (Визија, Логор, За нетрајноста на нештата) и каде што се усогласува природноста на разнородните материи, сликата престанува да поставува загатки со многузначајноста на нештата, не претендира да се определи за која било естетика, но затоа во неа е постигната многу поголема хомогеност и непосредност во изразот.

Во последните слики Куновски се претставува со усовршена технологија и виртуозност во изразот. Интересно е да се забележи дека сликите од 1960 до 1965 година се највпечатливиот дел од изложените експонати на изложбата. Додека последните слики се водени со сигурна рака во рутинирана и испитана постапка, при што техничкиот и искусниот дел претежнува, во постарите слики, а нив ги има помалку, доминира емоционалноста на откривачка природа, лиризмот во ликовната содржина и незаситеноста во интересирањето за визуелни сензации во рамките на ликовното.

**Ладислав Баришиќ**, *Како да се заокружи?,* Око, Загреб, 26.1.1978

Се разбира – ретроспективното претставување на делата на македонскиот ликовен уметник Спасе Куновски во просторот на скопскиот Музеј на современата уметност не е ниту случаен, ниту конвенционален гест, туку аналитичко-информативно продолжување на претставувањето автори од т.н. „средна генерација", значи на оние чие значење е повеќекратно и без кои секаков разговор за сегашниот комплексен ликовен миг би бил депласиран и нецелосен.

Публиката во следниве две години веќе имаше можност да ги види собрани експериментите на Петар Мазев и Томо Шијак, додека крајот на годината, како што споменавме, го донесе креативниот фонд на Спасе Куновски и како врска, и како разлика. Врската, пред сѐ, од оние постакадемски лутања и дилеми дали ќе се приклони кон класичниот мотив и неговата анализа или да се стори чекор понапред кон исклучивото испитување на формата, што во тие години беше и мода; разликата, пак, во финалното определување, Куновски, тоа треба веднаш да се нагласи, ниту експериментираше со оној силен „Мазевски" колорит, ниту кај него некогаш пак доаѓаше до ликовните лудирања и егзибиции на кои Шијак им остана наклонет се до денес, но тој заедно со нив, а со тоа и со својата генерација, понесе определени метафизички константи претворајќи ги, во рамките на своите можности и со сопствениот естетско-философски став.

Претставените шеесетина дела, од кои најстарото датира од 1953 година, значи од онаа кога ја заврши Академијата во Загреб, ја илустрираат горната констатација. Тоа се, главно, пејзажи и портрети на помалку таинствени атмосфери, со доминантна темна гама, со тенденција да се допрат елементите на кубизмот со редукција на мотивите. Но, станува збор за кратка фраза што, се чини, на Куновски ќе му користи само за определени композициски зафати во подоцнежните дела, додека не искажа некои поефектни искуства.

Надреалистичкиот тренд во нашата земја заинтригира, не без причина, цели генерации сликари, така што и кај Куновски – делата од 1956 година – почнува да се насетува такво доживување, навистина внимателно и сѐ уште како во дилема што набргу ќе исчезне. Тој, најнапред речиси исцело се определува за фигура ослободувајќи ја од внатрешната,

психолошка драматика; палетата се отвори со спектар на посветли тонови, се редуцира поранешната полифона гама; но, уште за подолго време, остануваат посилни кубистичките сигнали. Првите „целосно надреалистички" остварувања во кои наоѓале не само ликовно естетски, туку и определен философски став, спаѓаат во циклусот „Портрети и маски", чија интонација, веројатно, е реализирана под опсесивниот впечаток од поезијата на Славко Јаневски.

Токму оваа фаза, како што се чини, е најсилна во опусот на Спасе Куновски. Авторот во неа ги распрсна сите болки на своите барања, речиси параноично сакаше да ги реши сите свои творечки дилеми. Фигурите и маските навестуваат интересен цртач кој допрва треба да го каже својот силен збор, а позадината - често како место на психолошкото дејствување сугерира сезановски простори: пејзаж сведен во свои елементарни контури.

Но, наместо потоа да тргне понатаму, Куновски, можеби под впечаток од низа позитивни судови и рецензии, а можеби и од други причини, застанува и главно третира низа идентични варијанти на кои им недостасува инспиративен преттекст доближувајќи го своето сликарство кон своевидниот облик на карикатурална креација. И фигурите, и просторите зад нив останаа без онаа драматична атмосфера што на неговите дела им даваше исклучително квалитетен контрапункт, останаа без свој валер на таинственоста којашто, дури и најобичните илустрации на навидум банална содржина, ги доведуваше до интересен артизам. Фигурите, уште еднаш да ги споменеме, стануваат наеднаш цел на самите себе, а во композицијата на сликата, свртеноста кон Магритовиот третман не донесува никаква свежина. Накратко, тоа и е интезивно компилативна фаза (Де Кирико, Кара - главно), без посилна индивидуална самостојност,

Недостиг на поинтересни мотиви, па – од таа причина - и нивната мултипликација, колористичката ограниченост, несигурната линија и желбата по секоја цена да се задржи „надреалистичкиот штимунг", се разбира, не можеа да дадат поквалитетен плод.

Но, би требало да се потцрта дека и покрај наброените запазувања, ретроспективната изложба на Спасе Куновски донесува и дела што сигурно спаѓаат во антологијата на надреализмот кај нас, дела со силен авторски печат. Стагнацијата во подоцнежната фаза можеби е сепак преодно интермецо во кое има моментни одблесоци, но таа е секако симптоматична и предупредува. Да се совлада, за Куновски значи многу повеќе, повеќе отколку што се чини во првиот миг.

**Ефтим Клетников**, *Фантазмагорични сновидениja, Монографско-јубилејна изложба, Музеј на современата уметност, Скопје*, Млад борец, 1.2.1977

Спасе Куноски е присутен цели двеипол децении во нашиот ликовен простор, од почетокот на педесеттите години до денес важејќи, според многу, сè уште за суверен бард на надреалистичкиот сликарски израз кај нас. Монографско-јубилејната изложба во Музејот на современата уметност во Скопје што содржи над сто дела дава можност да ги согледаме во попрецизно светло светот и физиономијата на ова сликарство.

Исклучувајќи ги сликите, цртежите и монотипиите од најраната фаза на уметникот, каде што истиот, по потрага по својот сликарски идентитет, се движи од импресионизмот и експресионизмот до кубизмот, палетата на Спасе Куноски подоцна ќе биде исклучиво сосредоточена врз откриениот надреален свет на фантазмагорични сновиденија.

Но, тоа е надреализам, пред сè, најмногу по сугестиите и атмосферата, по она што се дефинира како „изместена реалност". Инаку, по строгата редукција на елементите, по нивното „безмилосно" варирање и упорно инсистирање истите да претставуваат доминанти што ќе ги поттикнуваат асоцијациите и ќе го сугерираат имагинарниот свет на платната по нивната статична, речиси патетичка поставеност, тоа е симболистичко. Тука се, пред сè, маските и плашилата, чадорот, јажето за сушење облека и штипките. Тоа се доминантните симболички реквизити што ги користи сликарот. Во поголемиот број случаи, нив ги придружува деформирана човечка фигура, која обично е само напукната, шуплива глинена кукла, сугерирајќи ги на тој начин стравот и осаменоста, апсурдноста и неможноста за егзистенцијата. Сцените се морбидни, поставени во пуст простор на студеникав пејсаж во кој предградието е осамено. Присутна е само тишината, како заледено метафизичко ехо. Како во сликите на Де Кирико, таа избива од сите агли и се заканува со својата скриена агресивност. Таков, тој екстериер, прекриен со бледи полусенки и студена месечева светлина, нè потсетува на оној грозно невин пејсаж во „Процесот" на Кафка, во кој така страшно настрадува Јозеф К.

Светот во сликарството на Спасе Куноски е свет на мачна атмосфера, без топлина и радост. Платната како да се сликани точно во некој полноќен куклен театар на сеништа. Фатени се најтрагичните сцени и во мигот заледени, како фрагменти, како сликарски ракопис на црната гротеска на егзистенцијата. И динамиката ја нема, секакво движење исчезнало пред немилосрдното око на сликарот, коешто во сета „магла" на надреалното, сепак ја бара и почитува јасноста и до стерилност пречистена глетка. Статични, сцените се повторуваат, дисциплинирано варираат со константните симболи што ги избрал како оска уметникот, стегајќи го на тој начин, премногу, асоцијативниот и филозофски круг на светот во своето сликарство.

**Владимир Величковски**, *Надреално во стварното, Кон изложбата на Спасе Куноски, во Центарот за култура и информации во Скопје*, Нова Македонија, 27.4.1994

Реализирана е изложба како ретроспективен преглед на дела од Спасе Куноски (1929-1978), основоположник на надреално-фантастичното сликарство во повоениот раз-

вој на македонската уметност. Неговиот препознатлив стил изградуван е врз класичната магиско-реалистична и надреална школа (М. Станчиќ и Р. Магрит). Тоа значи дека Куноски негува еден класичен приод и го следи сопствениот ритам на сталожено промислување, кое речиси нема допирни точки со првиот „глас на автоматизам“, ниту со гласното хазардерско онирично претставување. Во неговото сликарство нема афектирање, туку превладуваат „прецизните страсти“, тишината и поетското изразување на тајновитото. Куноски умеел на обичниот предмет да му даде необична изразност, да го изнедри чудесното од неочекуваниот спој на елементите. Неговата „уметност на сонот“ го претпочита „предметот од стварноста“, преобразен и онеобичен со класични изразни стедства и јасна сликарска визија. Тоа подразбира распоред на предметите и куклестите фигури, прецизно градење на светло-темните партии и просторна илузија, со еден карактеристичен лајтмотив - облачиња и маглини кои се појавуваат од неочекувани места и ја создаваат сугестијата на тајновитото.

Тоа е ноебичен спој на имагинарното и реалното, во кој не егзистираат чудовишта ниту материјални измислици, туку надреално-фантастичното извршува „упадок“ внатре во стварноста, визуелно препознатлива и предметна, која станува преобразена и чудесна. Ненаметливо е, но забележително дека постојат две сфери; една стварносна (фигури и ликови, простор, предмети) и друга вметната, надреално-фантастична. Извршено е испреплетување и строго поместување на стварноста кон необичното, тајновитото, со модификација на составните елементи и на формата на нивното меѓусебно дејствување. Во некои дела тоа спојување или неочекувано сретнување на разнородни нешта е извршено на бaнален начин или, пак, претенциозно, со забележливи слабости во цртежот (обликување рака итн). Меѓутоа, делото на Спасе Куноски, низ своите најрепрезентативни остварувања, останува едно од трајните вредности на современата македонска уметност, од значење и на еден поширок простор на надреално-фантастичното сликарство.

**Влада Урошевиќ**, *Плодови на доследноста*, 7.5.1967, Нова Македонија

На првата самостојна изложба на Спасе Куноски, приредена во 1956 година во просториите на Друштвото на писателите, беше изложена една графика која носеше наслов „Есен“. На неа, меѓу оголените гранки на дрвјата што се шират како некакви коцкести прсти, чекори една жена. Погледот на неа е фрлен одозгора: фрлајќи ги своите издолжени сенки, дрвјата се надвиснуваат врз осамената фигура со закана; се чини како некоја невидлива опасност да ја демне осамената минувачка. Врз оголениот пејзаж лежи некакво чудно претчувство и страв.

Од таа графика, во која веќе се набележани речиси сите важни елементи на идниот сликарски развој на Куноски, почнува навлегувањето на овој сликар во една област која тој упорно и стрпливо ќе ја истражува со години: областа на „метафизичкото сликарство“.

Денес, на неговата самостојна изложба, приредена во салонот на Музејот на современата уметност, ние сме присутни на плодовите на оваа доследност: Куноски имаше трпение и смелост, упорност и творечка сигурност да оди без лутања и без предомислувања по еден пат по кој беше убеден дека е предодреден за неговата творечка натура. Највисоките резултати, постигнати на последната етапа на овој пат, во неколкуте изминати години, се пред нас.

Сликарството на Куноски, како што веќе рековме, спаѓа во мошне распространетата школа на „метафизичкото сликарство“. Во сликарството на Куноски ги среќаваме одликите што ги манифестираат во своите дела останатите претставници на школата: и тука постои „веристичка прецизност во нестварен простор“, како што вели Ото Бихали Мерин, по повод на еден друг сликар од оваа насока), и тука „извонредната прецизност на деталите доведува до една нова реалност“ (како што вели Жак Ласен зборувајќи за родоначалникот на ова сликарство – Џорџо де Кирико) и тука „вистинскиот реализам се состои во покажување чудни радости што повикот ги сокрива под чергата и ни попречува да ги видиме“ (како, пак по повод на Кирико, пишува Жан Кокто). Но, секако би погрешиле кога одликите на ова сликарство наполно би ги изедначиле со принципите на школата. Тргнувајќи од основните поставки на овој вид сликарство, Куноски го гради својот стил врз едно мошне лично доживување на светот, му дава еден мошне индивидуализиран призвук, создава една визија чија автохтоност е очигледна.

Оној вид на доживувањето на светот, кој можеше да се види на графиката под наслов „Есен“ на првата самостојна изложба на Куноски пред повеќе од десет години, на втората самостојна изложба овој уметник исцело доминира. Осамената човечка фигура во просторот и понатаму е главна преокупација на Куноски: просторот, со карактеристичниот рамен хоризонт, се шири околу фигурата која често е единствена вертикала, потцртувајќи ја со својата неограниченост и израмнетост оголеноста на човекот кој стои среде него, сугерирајќи ја неговата осаменост и загрозеност. Куноски е сликар на осаменоста, на стравот: фигурите од неговите платна стојат во еден миг на исчекување кој како да претходи на некоја катаклизма. Од целата ситуација избива јасна претстава дека не може ништо да се стори во одбрана од неа; сè е замрзнато во нултата точка на имобилноста. Некаде, пак, тоа е миг по катастрофата: природна, земјотресна (со очигледни асоцијации на скопската, како на онаа негова слика каде што во жените што готват на отворен простор може да ги препознаеме глеткиte од летот 1963) или некаква фантастична, сè уште невидена, можеби атомска, по која не остануваат никакви траги од животот, оставен еден дречлив, шарен, а сепак црно-хуморен, ироничен петел кој шета низ една од овие слики покрај ѕидовите што сè уште чадат.

Иронијата и црниот хумор се неразделни елементи на ова сликарство: присутни сме истовремено на една катастрофа, но трагите што останале по неа се толку гротескни што место високиот патос во нас се згрчува една сардонична насмевка. Неочекуваниот спој на предметите, нивните неочекувани

односи што одеднаш искрснуваат на платното раководени се несомнено од едно хуморно чувство, но и од една потреба кај гледачите да се предизвика „потајно и плодно неспокојство“ за кое зборува Жак Ласен. Катастрофата е навистина стравична, но човекот е нејзиниот виновник и тој самиот си ја има избрано таа судбина, како да велат овие слики. Всушност, судбината на човекот тука е дадена мошне посредно: дури и вистинска човечка фигура е мошне ретка на овие слики. Место неа тука владее нејзиниот предвид, она што ја заменува: маска, плашило, кројачки манекен, кип. Тоа е само остаток од човекот, човек отуѓен од својата сопствена природа, бедна замена на неговиот лик. Сликите на Куноски се смеат врз склоноста на овој век кон идолатрија, се подбиваат со двојноста на човекот, со неговата надворешна обвивка која честопати се заканува да го заземе примарното место во рангирањето на вредностите. На една од сликите, среде простор во кој забележуваме траги на урнување, седи чудно друштво: метален кип од чијашто скршена глава наѕирнува празнината, и плашило врз чии партали и сламени чкулки стои една речиси жива глава. И двете фигури се претставени на homo duplex: празни лушпи останати по заминувањето на душата. И конечно, на некои слики се јавува череп: таа последна, напразна замена на вистински човечки лик.

Сликите на Куноски се слики од тешки соништа; нивната логика е логика на соништата. Пловејќи низ високите области на фантастиката, овие слики се истовремено на еден извонреден начин и нестварни, и препознатливи. Магијата на непредвиденото и мистеријата на насетеното ги мешаат во нив своите таинствени закони и невидливи нишки. Како резултат на тоа мешање, тие треперат во една неизречлива флуидна состојба помеѓу реалноста и привидот. Некои од нив, остварени со извонреден спој на поетското чувство и сликарската вештина, може да стојат во секој антологиски избор на современото македонско сликарство, во секој негов – имагинарен или не – музеј.

**Бранимир Станојевиќ**, *Универзална животна тема. Ретроспективна изложба на сликарот Спасе Куновски во српскиот Музеј на современата уметност*, Борба, Београд, 19.01.1978

Негостоприливото сино на платната на Куновски не е ништо друго, туку секогаш далечните хоризонти и немоќниот страв на човекот или детето загледано во нив. Можеби тоа не би била вистината ако на истите платна не се присутни човечки фигури оттргнати од сè освен од страв и патење, освен бесмислените празнини или рамнодушноста својствена за животот на побегнатите луѓе. Но, веднаш во нив се пронаоѓа човекољубието на Куноски. Отстранувајќи го човекот од сите моменти, тој го оголува до крајни можни граници и пред нас се луѓе, нашите предци, загледани во пространство кое допрва треба да се освојува. Се останало да биде сведено на маски? Форма која ништо не ни укажува, но ни дава можност да размислуваме, да очекуваме, во нив да се препознаеме.

Средбата со ново платно е средба со секогаш празните куќи во позадината на сликата, со развеани човечки судбини, понекогаш со логорски жици, со тема која секогаш одѕвонува едно свое време, минато или сегашно, во секој набљудувач.

Врзан за својот крај, во него пронаоѓа тешки печалбарски теми, опустошени домови, урнатини, ги пренесува на платното и тие тука остануваат засекогаш како најубави и најстрашни докази на поминатите времиња и на времето кое допрва треба да биде или да дојде, давајќи му една универзална димензија, сфатлива во секоја доба.

Куновски е еден од првите македонски сликари што се приклучил на европските творечки текови. Толку е поголем неговиот придонес за развој на современото македонско сликарство и за неговата афирмација надвор од Македонија и надвор од Југославија.

***С.***, *Млади современици - Спасе Куновски*, Млад борец, 25.03.1955

Убаво е да се најдеш понекогаш на улицата во еден интимен разговор што те тера да осетиш топлина на едно творење. Една твоја позната топлина да сетиш во другиот. Едни твои длабоко скриени мисли и доживувања да најдеш во зборовите на другиот. Убаво е тоа можеби повеќе затоа што сеќаваш дека не си сам. И дека и другиот не е сам. Така го сретнав и така и го сетив и овој млад висок човек, овој познаник од сеќавањата што можат да бидат и ладни и од поздравите на улицата што можат да бидат одминати и заборавени. Така го сретнав едно попладне кога беше светлината не толку добра, но кога се наѕираше оваа наша пролет.Така го сретнав неодамна деновиве, кога оваа пролет зема да ги испраќа во попладнињата своите први забележливи весници.

А после бевме во една соба натрупана со платна и пред мене зборовите се престоруваа во слики, многу слики во масло, монотипии, скици, графики и пак масла, многу масла и многу убави масла. И сето тоа подредено во еден развиток, во еден поминат пат, кој не е само насетен, но и добро запознат. Зборовите се престоруваа во овие прекрасни две платна на калуѓерките, во актовите и балерините во пејзажите, во боите што знаат да бидат понекогаш така ѓаволски расприкажани.

Тогаш не се прашував зошто од сето тоа ние имаме видено толку малку. Или подобро, немаме видено речиси ништо. Ништо освен една слика на изложбата на Друштвото на ликовните уметници, а сме чуле една вест од Дубровник, од изложбата на „Летните игри“, дека овој млад човек знае што прави. Не се прашував затоа што знаев дека наскоро, можеби уште идната есен, кога ќе биде слободен зашто сега е војник, ќе можеме да отидеме на неговата изложба што му е речиси готова.

Потоа пред нас платната си живееја со она свое тивко зборување, а тој се враќаше на школувањето во Загреб. Спомени како секои спомени. Добри. Многу добри. Но и работни, Се гледа дека му е по малку мака што не е на „специјалката“ во Загреб. Но, има причини кои....

Не сакав да поставувам, прашања. Тие ќе ме направеа новинар со задача. Ќе престанев да бидам другар. А не беше ни

потребно. Сè што ми требаше го слушав крај убавите платна што живееа во тесната натрупана собичка и беа така тихо расприкажани.

„Знаеш што? - зборуваше Спасе. - Ние тука да сликаме. Критичарите нека подредуваат"

И навистина слика овој младич, мислев . Навистина знае што сака, мислев.

„Светот е полн со загатки што треба да ги одгатнуваме секогаш, на секој чекор", зборуваше тој. „Немам ништо против модерното и современето. Но, гледаш како почнаа, ‚Овие портрети' (гледав, ‚Портретите' имаа една одлична наративна определеност). „Но, не го сакам оној краен солидаризам или астратизам, кој со своите измислени апсолутно нови форми, оди до негација не само на секоја илузија за реалната предметност, туку и на секоја емотивна содржина". Само ‚слободните облици' како такви би требало да го оправдуваат своето постоење".

А после:

„Еден од историчарите на уметноста одлично ја формулирал суштината на творењето како однос на творецот спрема стварноста која решава. Добро кажано..."

И после:

„Понекогаш многу го сакам мислењето на јавноста. Понекогаш сум по малку нетрпелив кога мислам дека се уште далеку есента и мојата изложба. За мене тоа ќе биде одговор на сè. Но, ќе биде, ќе си дојдам од војска и ќе биде сè. Ќе настапам со она што ќе ценам дека е целосно завршено. Со она што најмногу го сакам".

После во собичката беше мрак. Сликите некаде во мракот си продолжуваа да си зборуваат со оној хармоничен јазик, тоа го знаевме двајцата, но не ги слушавме. Потоа улиците беа бучни, вечерни, а разговорите мораше да имаат еднаш крај. Русиот млад човек замина по улиците забрзано,а јас бев задоволен од средбата и чекорев полека. Мислев на онаа средба што ќе ни ја подготви тој наесен.

**Димитар Кондовски**, *Изложбата на Спасе Куновски*, Нова Македонија, 16.09.1956

Макар и млад, како по години, така и по сликарски стаж, Спасе Куновски не е непознат на нашата публика. Неговите настапи на есенските изложби на ДЛУМ и на III и IV Сојузни изложби беа забележани и пофално оценети.

Овојпат Куновски се јавува самостојно со творби настанати во релативно краток временски простор - од свршувањето на Загрепската академија во 1953 година, со скромна цел да го прикаже пред јавноста оној интимен, најмачен дел во процесот на формирањето на еден уметник, а имено периодот на осамостојување, на ослободување од академските стеги и вкалапеноста. Во овие неколку мачни години пред младиот и неопитен сликар се простира неговата професионална иднина во безброј распаќа што водат кон вистински цели, но кои исто така и одведуваат од нив.

Во тој лавиринт Куновски навлегол смело, но и претпазливо, однесувајќи се енклитички кон испробаните формули. Тој цврсто се потпира на одреден „освоен" пункт и не уривајќи ги мостовите зад себе, држејќи постојана врска со постигнатите резултати, смело зачекорува кон нови истражувања и нови освојувања.

Поради таа парцијалност ни се чини дека е неповрзан и нехомоген, но во точниот хронолошки редослед неговите барања се остваруваат по една определена угорна линија што се движи полека, но точно кон определена цел , а чија трага лесно можеме да ја следиме по растоварувањето и ослободувањето од сето она што веќе отслужило и не придонесува за понатамошното движење. Тие траги водат точно од совладаната строгост на реализмот преку импресионистичките разиграности врз еруптивноста на експресионизмот, до суровата и робусна декоративност на Пол Гоген, со постојана присутност на еден интензивен фовистички призвук. Оттаму, Куновски ослободен и прочистен, со платен данок кон традицијата, започнува да го следи сопствениот пулс.

Убавината на тој пат се совладувањата на одредени проблеми, орнаментирани со заокружени резултати, од кои секој поединечно преставува самостојно остварување во континуитетот.

Во димензиите на тој сложен и комплициран процес, присутноста на авторот е евидентна. Ликовната материја, нејзината транспозиција во дадените насоки, го носи видливо одреденото сакање и внатрешниот ракопис на Куновски.

Тој е секаде свесно присутен, макар и не секојпат доследен. Резултантен е, но со своја одредена и лична физиономија. Таа физиономија ја препознаваме уште во уводниот дел, во среќавањето со целокупноста на неговата персонификација - во неговиот „Автопортерт" и без оглед на надворешните менувања, нејзината постојана присутност ја чувствуваме во внатрешната автентичност на неговиот однос кон светот.

Во потрага по израз, Куновски никогаш не го губи тој однос, кој најцелосно се манифестира во неговото интересирање за човекот со неговата многустрасност, и покрај тоа што е премногу имплицитен во тој однос. Неоспорно е дека токму таа имплицитност му овозможува поголема слобода во упростувањето на формите, со што Куновски наместа вешто се служи со резултатите на Сер. Геометризираната упростеност на фигурите во одредени колористички форми е токму оваа поента што Куновски го ослободува од описност и подреденост на материјата и му укажува на едно ново подрачје на ликовни истражувања, наше, современо.

Наместо на онаа разулавена слобода, која порано беше цел самата за себеси, се роди една нова, самосвесна слобода на поредок и рационалност.

Таа слобода се јави во сите компоненти на изразот - и по форма, и по боја, следствено и по содржина. Палетата на неговите преокупации хроматично се збогати во созвучје на една доследно дотерана полифоност.

Ова е неговиот пат, прикажан со оваа изложба, точно одреден и распореден по централната нишка што води од „Автопортретот" до дефинитивниот приморски пејзаж „Мало пристаниште", со што изгледа дека Куновски го затвори кругот - се најде себеси.

Поради сето ова, неговата изложба има една специфична

чар, која ни ветува и го пробива нашиот интерес за неговите идни постапки.

**К. Гавриш**, *Сликарството на Спасе Куновски, Доживување на судирот ГРАД – ЧОВЕК*, Нова Македонија, 1961

Да говорам за себе, за моето сликарство?....Но дали ќе умеам да кажам нешто повеќе одошто тоа го велат сликите? Јас сум сликар и моите платна говорат место мене. Јас сум тука за да сликам. За сликарите говорат, ги објаснуваат ликовни критичари. Тоа е нивна работа...

Тие ме подредуваат меѓу сликарите на магичниот реализам. Наоѓаат надреалистични ноти. Велат дека мојот надреализам е класичен... Дали имаат право? Не сакам за тоа да судам... Кога сликам, воопшто не мислам на никакви правци и подредувања каде таа моја слика припаѓа. Сакам само да направам добра слика...

Така ни одговори Спасе Куновски на нашата молба да го интервјуиравме за рубриката „Средување со уметници". Тогаш ги прелиставме критиките за него и направивме „интервју" со ликовните критичари кои во последниве четири години пишувале за неговото сликарство; се задржавме на искажувањата на Раде Предиќ, Деполо Путар, Борис Петковски, Протиќ, Милошевиќ, Лазар Трифуновиќ, Поповиќ, Катерина Амброзиќ, Иво Фрол...

Првото прашање за кое побаравме одговор беше: Што велат критичарите за личниот израз на Куновски ? Еве ги нивните одговори...

Куновски непосредно се истакнува во генерацијата на младите ... Како личност денес е одреден и сигурен.

Созревањето на неговиот извонредно личен израз се развива во правец на поетскиот, магичен реализам.

Останувајќи и емотивно поврзан со еден лирски, симболично и филозофски интониран надреализам, Куновски никогаш не ја губи врската со едно индивидуално користено фигуративно сликарство.

Во неговите занимливо градени надреалистички слики може да се најдат извесни странски асоцијации, но нив ги обојува една посебна поезија нијансирана со усет за тон и смисла за фактура. А каде го подредуваат сликарството на Куновски и што откриваат за него?

По својот сликарски став, по својата филозофија и сфаќањето на нејзините основни вредности, а особено по својот стоички однос кон нетрајноста на животот, кон неговата релативност, изгубеност, судбинска неминовност и произволност и една горчлива поетичност со која го проникнува и го загрнува своето ликовно дело, Спасе Куновски е во извесна смисла македонскиот Ступица. Неговите звучно обоени платна поседуваат и едни далечни, дискретно навестени, надреалистични односи, многу драматични творби, им дава посебна чар.

Неговите дела се исполнети со мисловност и со некаква топлина на емоцијата, кои се вистински..Тие остануваат во нас како одекнувања што нема брзо да минат.

Тој привлекува со неочекуваноста на својата визија, со смелоста на својата метафора. Се движи во просторот помеѓу надреализмот и магичниот реализам.

Во власт на некакви потсвесни визии, секогаш на границата од соништата и јавето, натопени со таинствени иреални штимунзи, тој е и поетичен, и длабок во исто време.

Неговото сликарство навлегува во сферата на еден преобразен реализам префрлен од другата страна на границата на стварното и поетизиран до таа мера што Куновски со тоа веќе мораме да го подредиме во онаа кај нас сè уште малубројна група, која во таканаречениот магичен реализам гледа за себе најдобра можност сликарството да го здружи со оној вид психологија чии корени се во човековата потсвест.

Неговите мотиви произлегуваат од субјективното доживување на судирот, градот и луѓето....Со префинетото чувство за простор во кој низ необичните диспропорции на архитектурата и личноста сугерира некои психолошки состојби, тој нашол и соодветна драматичност на осветлување и контрасти на тоналитетот. За носталгичен човек што ги наоѓа сликите од Куновски, тагата и осаменоста често ја бојат нивната атмосфера... Тие не можат да останат рамнодушни пред поезијата што живее во тој негов свет на тажни и трагични кловнови, кукли и луѓе осамени во ноќните простори во кои невидливата месечина од мракот извлекува остри контури на понекој ѕид,  куќа, меки линии, далечни брегови, отпадоци на животот, скршени ќумбиња. Тоа се платна кои привлекуваат најтрајно внимание. Пред нив се стои и се размислува.

Не побаравме приказни на неговата графика. Иако постигнал  многу добри резултати во графиката, Куновски во последните години работи повеќе масло. На многубројните изложби на кои учествува по 1953 година, кога дипломирал на Академијата за ликовна уметност во Загреб, тој три пати излагал графика. На крајот да го дадеме и овој податок; во ателјето на Куновски не можат да се најдат многу сликиповеќето се продадени и се наоѓаат и во Загреб и Белград, во Цетиње, во разни галерии и државни установи, во Уметничката галерија во Скопје и така натаму. Дниве две негови слики патуваат во една приватна галерија во Сао Паоло. Сопственикот на галеријата ги видел експонатите на Куновски на Првото југословенско триенале во Белград и дошол во Скопје за да се запознае со уметникот и откупи нешто за себе....

**Логор**, 1960
Масло на платно, 82 x 111
**Camp**, 1960
Oil on canvas, 82 x 111



**Минато**, 1961
Масло на платно, 60 x 76
**Past**, 1961
Oil on canvas, 60 x 76



**Кукли-композиција**, 1962
Масло на платно, 60 x 70
**Doll – Composition**, 1962
Oil on canvas, 60 x 70



**Композиција – Страв**, 1961
Масло на платно, 110 x 149
**Composition - Fear**, 1961
Oil on canvas, 110 x 149



**Маски**, 1961
Масло на платно, 82 x 112
**Masks**, 1961
Oil on canvas, 82 x 112





**Кловн**, 1962
Масло на платно, 112 x 82
**Clown**, 1962
Oil on canvas, 112 x 82

**Кловн**, 1960
Масло на платно, 110 x 81
**Clown**, 1960
Oil on canvas, 110 x 81



**Мртва природа**, 1962
Масло на платно, 150 x 112
**Still Life**, 1962
Oil on canvas, 150 x 112



**Трагичен символ**, 1967
Масло на платно, 93 x 66,5
**Tragic Symbol**, 1967
Oil on canvas, 93 x 66.5



**Маски,** 1964
Масло на платно, 64,5 x 75
**Masks**, 1964
Oil on canvas, 64.5 x 75



**Маски**, 1966
Масло на платно, 76 x 55
**Masks**, 1966
Oil on canvas, 76 x 55



**Маска**, 1963
Масло на платно, 69,5 x 63
**Mask**, 1963
Oil on canvas, 69.5 x 63



**Композиција**, 1962
Масло на платно, 110 x 148
**Composition**, 1962
Oil on canvas, 110 x 148



**Минато**, 1966
Масло на платно, 112 x 79
**Past**, 1966
Oil on canvas, 112 x 79



**Метафизичка носталгија**, 1967
Масло на платно, 76 x 101
**Metaphysical Nostalgia**, 1967
Oil on canvas, 76 x  101



**Археологија на една катастрофа**, 1965
Масло на платно, 113 x 147
**Archeology of a Catastrophe**, 1965
Oil on canvas, 113 x 147

**Столб на страданијата**, 1966
Масло на платно, 58,5 x 42,5
**Pillar of Sufferings**, 1966
Oil on canvas, 58.5 x 42.5





**Призрачни раце**, 1967
Масло на платно, 75 x 101
**Ghostly Hands**, 1967
Oil on canvas, 75 x 101



**Апсурден портрет**., 1969
Масло на платно, 80 x 102
**Absurde portrait**, 1969
Oil on canvas, 80 x 102



**Портрет на илузионист**, 1967
Масло на платно, 80 x 112
**Portrait of an Illusionist**, 1967
Oil on canvas, 80 x 112

**Ирационален профил** (Портрет), 1967
Масло на платно, 45 x 32,5
**Irrational Profile**, 1967
Oil on canvas, 32 x 45







**Биланс**, 1966
Масло на платно, 93 x 66,5
**Balance**, 1966
Oil on canvas, 93 x 66.5

**Апсурден идол**, 1967
Масло на платно, 93 x 66,5
**Absurd Idol**, 1967
Oil on canvas, 93 x 66.5



**Страшило**, 1966
Масло на платно, 42 x 59
**Scarecrow**, 1966
Oil on canvas, 42 x 59

**Безизлезност,** 1967
Масло на платно, 71 x 70
**Hopelessness**, 1967
Oil on canvas, 71 x 70





**Ден после земјотресот** (26 јули 1963), 1970
Масло на платно, 82 x 102
**The Day after the Earthquake** (26 July 1963), 1970
Oil on canvas, 82 x 102



**Мртва природа**, 1976
Масло на платно, 38 x 50
**Still Life**, 1976
Oil on canvas, 38 x 50



**Кукла**, 1974
Масло на платно, 75 x 65
**Doll**, 1974
Oil on canvas, 75 x  65



**Без наслов**
Масло на платно, 64 x 64
**Untitled**
Oil on canvas, 64 x 64



**Обесчестени цветови**, 1971
Масло на платно, 80 x 112
**Ravished Flowers**, 1971
Oil on canvas, 80 x 112



**Портрет**, 1968/69
Масло на платно, 112 x 150
**Portrait**, 1968/1969
Oil on canvas, 112 x 150





**Простор**, 1971
Масло на платно, 70 x 60
**Space**, 1971
Oil on canvas, 70 x 60

**Спомен**, 1975
Масло на платно, 65 x 75
**Keepsake**, 1975
Oil on canvas, 65 x 75



**Страшило**, 1971
Масло на платно, 56 x 42
**Scarecrow**, 1971
Oil on canvas, 56 x 42



**Арлекин**, 1975
Масло на платно, 27 x 36
**Harlequin**, 1975
Oil on canvas, 27 x 36



**Јана I**, 1974
Масло на платно, 27 x 35
**Jana I**, 1974
Oil on canvas, 27 x 35



**Енигма за егзистенција**, 1975
Масло на платно, 37 x 50
**Enigma of Existence**, 1975
Oil on canvas, 37 x 50



**Портрет на окупаторот**, 1969
Масло на платно, 101 x 74
**Portrait of an Ocupier**, 1969
Oil on canvas, 101 x 74



**Помеѓу животот и смртта**, 1973
Масло на платно, 130 x 90
**Between Life and Death**, 1973
Oil on canvas, 130 x 90



**Портрет со чадор III**, 1976
Масло на платно, 81,5 x 110
**Portrait with Umbrella III**, 1976
Oil on canvas, 81,5 x 110



**Портрет со чадор II**, 1973/74
Масло на платно, 110 x 81
**Portrait with Umbrella II**, 1973/1974
Oil on canvas, 110 x 81



**Старец**, 1977
Масло на платно, 76 x 100
**Old Man**, 1977
Oil on canvas, 76 x  100



**Залуден предизвик**, 1977
Масло на платно, 76 x 100
**Vain Challenge**, 1977
Oil on canvas, 76 x  100



**Сликарски мантил**, 1975
Масло на платно, 85 x 85
**Painter’s Coat**, 1975
Oil on canvas, 85 x 85



**Соња**, 1976
Масло на платно, 75 x 102
**Sonja**, 1976
Oil on canvas, 75 x  102



**Портрет на С.К.**, 1974
Масло на платно, 50 x 50
**Portrait of S.K.**, 1974
Oil on canvas, 50 x 50



**Јана II**, 1976
Масло на платно, 50 x 50
**Jana II**, 1976
Oil on canvas, 50 x 50



**Портрет на војник**, 1970
Масло и колаж на платно, 55 x 75
**Portrait of a Soldier**, 1970/1971
Oil on canvas, 55 x 75



**Пчела**, 1976
Масло на платно, 85 x 80
**Bee**, 1976
Oil on canvas, 85 x 80



**Пикова дама**, 1976
Масло на платно, 70 x 70
**The Queen of Spades**, 1976
Oil on canvas, 70 x 70



**Автопортрет со цигара**, 1975
Масло на платно, 80 x 102
**Self-portrait with Cigarette**, 1975
Oil on canvas, 80 x 102



Реминисценции на старецот, 1973/74
Масло на платно, 70 x 70
Reminiscence of the Old Man, 1973
Oil on canvas, 70 x 70





**Игра на мртвата ваза**, 1969/70
Масло на платно, 75 x 55
**Game of the Dead Vase**, 1969/1970
Oil on canvas, 75 x  55

**И бол и бес**, 1968/69
Масло на платно, 112 x 80
**Both Pain and Anger**, 1968/1969
Oil on canvas, 112 x 80



**Апсурден акт**, 1977
Масло на платно, 85 x 80
**Absurd Nude**, 1977
Oil on canvas, 85 x 80





**Игра со ветер**, 1974
Масло на платно, 80 x 65
**Playing with the Wind**, 1974
Oil on canvas, 80 x 65



**Портрет со чадор I**, 1971
Масло на платно, 112 x 80
**Portrait with an Umbrella I**, 1971
Oil on canvas, 112 x 80



**Македониум**, 1977
(скица нарачана од МАНУ)
Масло на платно, 120 x 200
**Makedonium**, 1977
(Sketch commissioned by MASA-Skopje)
Oil on canvas, 120 x 200



## БИОГРАФИЈА

### Спасе Куновски, академски сликар

Роден е во Дебар на 24.9.1929 година. Дипломирал на Академијата за ликовни уметности во Загреб во 1953 година. Студиски престои имал во: Франција, Италија, Велика Британија, Шведска, Грција и др.
Член бил на ДЛУЈ, ДЛУМ и на ДЛУПУМ, како и на ликовната група „Мугри". Се занимавал со сликарство, опрема и илустрации на книги и со педагошка дејност. Работел како професор во средното училиште „Зефљуш Марку", а потоа и на Педагошкиот факултет во Скопје.
Неговите дела се наоѓаат во повеќе јавни институции: музеи, галерии и кај приватни лица во Скопје, Белград, Загреб, Љубљана, Подгорица, Сараево, Ниш, Битола, Струмица, Штип, Куманово, Рим, Милано, Венеција, Фиренца, Њукасл, Торонто, Варшава, Сао Паоло и др.
Неговите дела биле презентирани на десет самостојни изложби, а учествувал на многубројни групни изложби во земјата и во странство претставувајќи ја не само Македонија, туку и поранешна Југославија на многубројни значајни светски манифестации.
Починал во Скопје, 1978 година.

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1956 Скопје, Клуб на пратеници
1957 Загреб, Заедничка изложба со Димитар Кондовски, Изложбен салон на УЛУХ
1960 Скопје, Заедничка изложба со Петар Мазев, Дом на ДСВР
1967 Скопје, Изложбен салон на Музејот на современата уметност, ул.„Ѓуро Салај"
1969 Ниш, Уметничка галерија при културниот центар
1970 Белград, Галерија при Домот на ЈНА
1971 Скопје, Уметничка галерија
1975 Загреб, Заедничка изложба со Боро Митриќески, Галерија „Форум"
1977 МСУ Скопје, Ретроспективно-монографска изложба – 25 години творештво
1995 КИЦ, Изложба на Спасе Куновски
2016 Скопје, Национална галерија на Македонија, Даут-пашин амам, ретроспективна изложба

## ПОЗНАЧАЈНИ МОНУМЕНТАЛНИ ОСТВАРУВАЊА

1967 Изведува 4 големи слики во Железарницата во Скопје: „Панорама на Железарницата" (165 x 200), „Валалница" (200 x165 ), „Челичана" ( 200 x 165) и „Топилница" (165 x 200)
1969 Со сликарот Ванчо Ѓорѓиев изведува македонска розета во зграфито-техника на тема „братство-единство" под назив „Симбол на помошта" (70м2) во Домот на културата во Дебар
1972 Изведува композиција на тема „Февруарски поход на македонските бригади" (масло на платно, 3,10 x 5, 10 м) во Домот на ЈНА, Скопје
1973 Изведува композиција на тема „Февруарски поход" (масло на платно ) во Домот на ЈНА, Белград
1977 Работи на изведбата на композицијата „Од минатото и денешнината на Македонија" во свечената сала на зградата на Македонската академија на науките и уметностите

## НАГРАДИ И ОДЛИКУВАЊА

1961 Скопје, Октомвриска награда на СРМ за сликарство
1965 Со указ на Претседателот на Републиката, одликуван со орден за заслуги за народ со сребрен венец
1970 Скопје, Награда на Културно - просветната заедница на СРМ (по повод Месецот на книгата) за најдобро ликовно обликувана книга
1971 Скопје, II награда за сликарство на изложбата „Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници"
1973 Белград, Награда „4 јули" за композицијата ,,Февруарскиот поход на партизанските бригади" во Домот на ЈНА, Скопје
1975 Сараево, Откупна награда на Собранието на град Сараево на VI изложба на СЛУЈ
1976 Скопје, Награда на МАНУ за ликовно решение на ѕидната површина во свечениот хол на зградата на МАНУ на тема ,,Од минатото и денешнината на Македонија"

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

**1954**
Дубровник - Изложба на СЛЈУ, Уметничка галерија;
Загреб , Изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон, Зрињевац;
Љубљана, Изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон;
Скопје, IX изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија;
Сараево, Изложба на ДЛУМ
**1955**
Кружна изложба на ДЛУМ низ Македонија;
Скопје , X јубилејна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија
**1956**
Љубљана, Изложба „Современа југословенска уметност" , Уметнички павилјон;
Скопје XI изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија;
Белград, I изложба на Сојузот на ликовните уметници за применета уметност на Југославија
**1957**
Скопје, XII изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија;
Скопје, I пролетна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија;
Скопје,Изложба на ДЛУПУМ,Уметнички павилјон
**1957/58**
Белград, Изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон
**1958**
Марибор, Изложба на ДЛУМ;
Скопје, III пролетна изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон;
Загреб, Изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон;
Кружна изложба на ДЛУМ низ Македонија
**1959**
Скопје, 15 години ликовно творештво во Македонија, Уметнички павилјон;
Скопје, Заедничка изложба, Велков - Куновски - Мазев, Дом на ДСВР;
Прага, Брно, Братислава, Будимпешта „Современата југословенска уметност";
Скопје, XIV изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон;
Титоград, Изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон
**1960**
Скопје, I изложба на групата „Мугри", Уметнички павилјон;
Скопје IV пролетна изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон Охрид, Битола, Прилеп, Нови Сад, Изложба на ДЛУМ
**1961**
Скопје, НОБ во творбите на ликовните уметници на Југославија, Уметничка галерија;
Белград, Современо југословенско сликарство и скулптура на младата генерација;
Белград, I триенале на ликовни уметности;
Белград, Саем , Хала III;
Белград, Изложба на групата „Мугри", Уметнички павилјон;
Прилеп, Изложба на ДЛУМ посветена на 20 годишнината од Народната револуција, Дом на ЈНА;
Скопје, Пролетна изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон
**1962**
Охрид, Заедничка изложба на Мазев, Мартиноски,Куновски и Митриќески, Работнички универзитет;
Белград, Ликовни уметници од Скопје (Ѓорѓиев, Мазев, Куновски, Митриќески), Дом на ЈНА;
Пожаревац, I југословенско биенале „Сон и фантазија", Уметничка галерија;
Дижон „Современа македонска уметност" - Exposition des Arts Contemporains en Macedoine, Cellier de Glairvaux;
Скопје, Македонски портрет на XIX и XX век, Уметничка галерија;
Белград, „Современа македонска уметност", Уметнички павилјон;
Скопје, XVII изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон;
Љубљана, Изложба на ДЛУМ
**1963**
Sao Paolo (Бразил ) Изложба на дела од колекцијата на Алберт Билднер
Титоград, излжба на групата „Мугри";
Белград, Изложба на ДЛУМ, Уметнички павилјон;
Суботица, Изложба на ДЛУМ;
Струмица, Изложба на ДЛУМ;
Скопје, Изложба на ДЛУМ
**1964**
Белград, II југословенско триенале на ликовните уметности, Белградски саем Хала III;
Лондон, Изложба на македонската современа уметност, Изложбен павилјон на Југословенската туристичка агенција;
Брадфорд, Изложба на современата македонска уметност, Museum and Art Gallery;
Штип, Современа македонска уметност, Народен музеј (Безистен);
Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија;
Охрид, Современа југословенска уметност, Народен музеј, Галериско одделение;
Скопје, Пролетна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија;
Скопје, 10 македонски уметници-учесници на II триенале, Работнички дом 5
**1965**
Скопје, Изложба на ДЛУМ, Современа македонска уметност, Собрание на СРМ;
Скопје, Изложба на Тринаесетмината, Уметничка галерија;
Охрид, 10 современи македонски уметници, Уметничка галерија;
Рим, Уметноста во Македонија денес (Arte in Macedonia,oggi), Галерија Пенелопе;
Скопје, Пролетна изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија;
Скопје, Скопје '63 низ ликовни дела, Градски музеј.
**1966**
Скопје, Подарени дела, Собрание на СРМ;
Торино, Современа македонска уметност, (Arte Macedone Contemporanea ), Галерија Ботеро;
Чачак, IV меморијал на Надежда Петровиќ, Уметничка галерија;
Скопје, Изложба на дела од збирката ликовни дела од Галеријата на Работничкиот универзитет во Скопје, Центар за култура и информации;
Скопје, Есенска изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија;
Велес, НОВ и револуцијата во делата на македонските ликовни уметници, Народен музеј.
**1967**
Белград, III триенале на југословенската ликовна уметност, Белградски саем, Хала III;
Скопје, Современи македонски уметници- актуелни тенденции, Работнички универзитет;
Куманово, Југословенски и странски уметници од колекцијата на МСУ, Скопје, Уметничка галерија;
Скопје, Изложба на ДЛУМ;
Варшава, Бидгошч, Вроцлав, Прага, Братислава - НОВ во делата на југословенските уметници.
**1968**
Чачак, V меморијал на Надежда Петровиќ, Уметничка галерија;
Александрија, VII медитеранско биенале, Музеј на модерната уметност;
Скопје, НОВ во делата на ликовните уметници од Југославија (од колекцијата на Домот на ЈНА од Белград), Центар за култура и информации;
Ниш, Крушевац и Риека - НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија;
Загреб, НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија, Уметнички павилјон;
Титоград, НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија, Модерна галерија;
Цетиње, НОВ во делата на ликовните уметници, Плави Дворац;
**1969**
Белград, Современата македонска уметност, сликарство – скулптура -објекти, Музеј на современата уметност;
Сараево, Современата македонска уметност, сликарство - скулптура - објекти, Уметничка галерија;
Париз, Продажна изложба на југословенски сликари и вајари, Југословенски павилјон;
Загреб, Современа македонска уметност, сликарство – скултура – објекти, Модерна галерија;
Словен Градец, Ангажираната уметност во Југославија,Уметничка галерија;
Скопје, 25 години АСНОМ, Уметничка галерија
Истанбул, Современото македонско сликарство, Музеј на сликарството и скулптурата;
Анкара, Современото македонско сликарство;
Будимпешта, Дебрецин, Мишколц, Секешфехевар, НОВ во делата на

југословенските уметници;
Скопје,Изложба на ДЛУМ.
**1970**
Букурешт, Изложба од колекцијата на Галеријата при Домот на ЈНА, Белград;
Брашов, Изложба од колекцијата на Галеријата при Домот на ЈНА, Белград
Питешти, Изложба од колекцијата на Галеријата при Домот на ЈНА, Белград
Брисел, Југословенски сликари и скулптори
Ним (Франција), 10 македонски сликари ( Dix peintres mecedonies), Музеј на ликовните уметности;
Шел (Франција), 10 македонски сликари, Културен центар на градот Шел;
Скопје, Македонски автопортрет, Центар за култура и информации;
Риека, НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија, Салон на Домот на ЈНА;
Загреб, НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија, Воено-технички центар;
Бања Лука, НОВ во делата на ликовните уметници, Уметничка галерија;
Осиек, НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија, Уметничка галерија;
Винковци, НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија, Уметничка галерија;
Скопје, Изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија;
**1971**
Скопје, Делата на македонските ликовни уметници од колекцијата на МСУ, Скопје, Музеј на современата уметност;
Белград, III изложба на НОВ во делата на Ликовните уметници на Југославија, Галерија при Домот на ЈНА;
Гостивар, Изложба на ДЛУМ;
Скопје, XXVI  изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија;
Марибор, Изложба на дела од колекцијата на галеријата при Домот на ЈНА -  Белград, Уметничка галерија;
Чачак, Изложба на дела од колекцијата на галеријата при Домот на ЈНА, Галерија „Надежда Петровиќ";
Вуковар,Изложба на дела од колекцијата на Галеријата при домот на ЈНА, Белград, Уметничка галерија;
Загреб, Изложба на дела од колекцијата на Галеријата при Домот на ЈНА -  Белград, Модерна галерија при ЈАЗУ;
Љубљана, Изложба на дела од колекцијата на Галеријата при Домот на ЈНА -  Белград, Модерна галерија.
**1971/72**
Скопје, Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници, Музеј на современата уметност и Уметничка галерија;
Прага, Современата југословенска уметност;
Москва, НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија, Музеј на Пушкин;
Минск, НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија, Государскиј музеј, Белорусија;
Скопје, Современа југословенска и странска ликовна уметност, Музеј на современата уметност;
Пиатра Неамц и Јаши (Романија), Современата југословенска и странска ликовна уметност (Arta contemporanea  macedonena);
Скопје, Изложба на ДЛУМ, Уметничка галерија;
Целје, Избор од колекцијата на Галеријата при Домот на ЈНА - Белград, Музеј на револуцијата
Вараждин, Избор од колекцијата при Домот на ЈНА - Белград, Дом на ЈНА
Сплит, Избор од колекцијата при Домот на ЈНА - Белград, Галерија на уметниците од Книн, Избор од колекцијата при Домот на ЈНА - Белград, Дом на ЈНА
Карловац, Избор од колекцијата при Домот на ЈНА - Белград, Галерија „Зарин Дом"
Задар, избор од колекцијата при Домот на ЈНА - Белград, Модерна галерија
**1973**
Рим, 16 современи македонски сликари (16 pittori macedoni contemporanei), Галерија Џулија;
**1974**
Скопје, НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија (од колекцијата на Галеријата при Домот на ЈНА во Белград), Музеј на современата уметност;
Скопје, Револуционерното минато во македонската уметност, Музеј на современата уметност;
Зрењанин, Југословенски пејзаж, Мала галерија, Ечка
Дубровник, Движење во современата југословенска уметност, Уметничка галерија;
Хавана (Куба), НОВ  во делата на ликовните уметници на Југославија, Дворец на оружјето;
Леверкузен, Современата југословенска уметност (Jugoslawische Der Kunst Gegenwart – Gemalde und Plastiken, Erhalundshaus – Bayer), Кепа Белградни, Модерн Музеум
Лондон, Југословенската уметност од НОВ (Yugoslav War Art), Imperial War Museum;
Хелсинки, Изложба на современата југословенска уметност, Heisingfors Kunsthall;
Алборг, Изложба на современата југословенска  уметност;
Хеинаку, Изложба на современата југословенска уметност, Museo Kesa;
Осло, Изложба на современата југословенска  уметност;
Ниш, Изложба на дела од колекцијата на Галеријата при Домот на ЈНА - Белград, Уметничка галерија;
Дрвар,Изложба на дела од колекцијата на галеријата при Домот на ЈНА - Белград, Дом на културата;
Сомбор, Изложба на дела од колекцијата на галеријата при Домот на ЈНА - Белград, Галерија „Милан Коњовиќ";
Ваљево, Изложба на дела од колекцијата на галеријата при Домот на ЈНА - Белград;
Крушевац, Изложба на дела од колекцијата на галеријата при Домот на ЈНА - Белград, Музеј;
**1975**
Мексико Сити, Современата југословенска уметност, Музеј на модерната уметност;
Скопје, НОВ во делата на македонските ликовни уметници, Галерија при Домот на ЈНА;
Република Сенегал, НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија
Гвадалахари (Мексико), Современа југословенска уметност
Алжир, НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија
Велес, НОВ во делата на македонските ликовни уметници, Народен музеј;
Сараево, Современата југословенска уметност - изложба на СЛУЈ, Скендерија;
Зрењанин, Изложба „Југословенски пејзаж", Народен музеј;
Сомбор, Изложба „Југословенски пејзаж";
Суботица, Изложба „Југословенски пејзаж";
Нови Сад, Изложба „Југословенски пејзаж".
**1976**
Кањ сир Мер (Франција), Меѓународен фестивал на сликарството (Festival International de la  Peinture), Chateau Musee;
Сан Луис Потоси (Мексико), Современата југословенска уметност;
Багдад (Ирак), НОВ во делата на ликовните уметници на Југославија, Музеј на современата уметност.
**1977**
Скопје, Изложба на откупени дела од Републиката, СИЗ на култура, Музеј на современата уметност;
Белград, „Современици" (од колекцијата на ликовната галерија од Лазаревац), Културен центар;
Атина, Современата југословенска уметност - Национална пинакотека;
Париз, Современи македонски сликари (Peintres Macedoniens contemporains), Musee d' Art Moderne de la ville de Paris;
Скопје, XXXII изложба на ДЛУМ, Музеј на современата уметност
**2006**
Велестово, Проекција на филмови и изложба на уметнички дела
**2009**
Велес, Уметничка галерија, од колекцијата на Тихомир Кондев, „Звуци на животниот ритам"
Куманово, Уметничка галерија, „Звуци на животниот ритам"
**2014**
Скопје, КИЦ, Салон Империјал, 10-та Бела ноќ, „Надреализам"
**2015**
Скопје, Музеј на град Скопје, изложба на дела од колекциите на градското собрание
**2016**
Скопје, Музеј на Македонија, Ex Europa Lux, Изложба на европската култура во Македонија 19-20 век

## BIOGRAPHY

### Spase Kunovski, academic painter

Born in Debar on 24 September 1929. Graduated from the Academy of Fine Arts in Zagreb in 1953. Made study visits to France, Italy, UK, Sweden, Greece, and other countries.
Member of Association of Yugoslav Artists, Association of Macedonian Artists, andAssociation of Macedonian Applied Artists, as well as the "Mugri" ("Dawn") art group. Practiced painting, book layout and book illustrations, and pedagogical activity. Worked as art professor at the "Zefljush Marku" high school and then at the Teachers College in Skopje.
His works are found in many public institutions, including museums, galleries, and private collections in Skopje, Belgrade, Zagreb, Ljubljana, Podgorica, Sarajevo, Nis, Bitola, Strumica, Stip, Kumanovo, Rome, Milan, Venice, Florence, Newcastle, Toronto, Warsaw, Sao Paulo, and others.
His works were shown at 10 solo exhibitions, while he participated in numerous group exhibitions at home and abroad, representing not only Macedonia but also former Yugoslavia at major global culture and art events.
He past away in Skopje, in 1978.

### SOLO EXHIBITIONS

1956 Skopje, Parliamentary Club
1957 Zagreb, joint exhibition with Dimitar Kondovski, Showroom of Association of Croatian Artists
1960 Skopje, joint exhibition with Petar Mazev, Center of the State Secretariat for Internal Affairs
1967 Skopje, Showroom of the Skopje Museum of Contemporary Art, then located at Gjuro Salaj Street
1969 Nis, Art Gallery of the Cultural Center
1970 Belgrade, Gallery of the Yugoslav Army House
1971 Skopje, Art Gallery
1975 Zagreb, joint exhibition with Boro Mitrikeski, Forum Gallery
1977 Skopje, Museum of Contemporary Art, retrospective/monographic exhibition - 25 years of work
1995 Skopje, Culture and Information Center, Exhibition of Spase Kunovski
2016 Skopje, National Gallery of Macedonia, Daut Pasha Hamam, Retrospective Exhibition

### MAJOR MONUMENTAL ACHIEVEMENTS

1967 Produced four large paintings at Skopje Ironworks: "Panorama of Ironworks" (165 x 200), "Rolling Mills" (200 x 165), "Steel Plant" (200 x 165), and "Smelter" (165 x 200)
1969 With painter Vanco Georgiev, produced a Macedonian rosette, in sgraffito technique, with the motif of brotherhood/unity entitled: "Symbol of Assistance" (70 m2) at the Culture Center in Debar
1972 Produced a composition entitled "February March of the Macedonian Brigades" (oil on canvas, 3.10 x 5.10 m) at Yugoslav Army House, Skopje
1973 Produced a composition entitled "February March" (oil on canvas), at the Yugoslav Army House, Belgrade
1977 Engaged in the production of the composition "From the Past and the Present of Macedonia" at the ceremonial hall in the building of the Macedonian Academy of Sciences and Arts in Skopje

### AWARDS AND DECORATIONS

1961 Skopje, October Prize for painting of the Socialist Republic of Macedonia
